**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Селију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Јани Макрадули, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Владо Бучковски, Зоран Петрески, Јован Гинев, Илинка Митрева, Лазар Китановски и Благој Зашов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот.

Има збор Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Можеби беше подобро да направиме пауза и во 15,00 часот да продолжиме со оваа седница, но, еве парламентарното мнозинство односно пратениците се согласија да продолжиме веднаш со оваа точка и со оваа седница.

Видете, се работи за исклучително значајни прашања, посебно прашањата кои ги третираме со овој закон. Често пати кога зборуваме за соработниците, информаторите кои биле користени во изминатиот период, почнувајќи од 1944 година до сега, често пати во јавноста зборуваме за кодошењето како национален спорт. Голем број на граѓани биле соработници, информатори, голем број граѓани и тогаш кога не биле официјално регистрирани, кодошењето им било начин да напредуваат во својата кариера, а во најголем случај кодошењето се користело во политичките кариери.

Сакам да посочам неколку работи.

Сметам дека со донесувањето на Законот за отворање на политичките досиеја потоа со донесувањето на Декларацијата за извинување на жртвите од претходниот режим, како и со донесувањето на Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција, ние како држава во целина градиме еден критички однос спрема случувањата во претходниот еднопартиски систем.

Република Македонија доцни со многу процеси, па доцни и со расчистувањето на некои неприфатливи состојби или практика од минатиот еднопартиски систем.

Сигурно, ако расчиствеме во 1990 година, или 1991 година, тогаш можеби ќе се спречеше грабежот на општествениот капитал што се случи, се разбира со поддршка на оние структури кои на еден или на друг начин беа поврзани со власта која беше во изминатите 45 или 50 години. Ќе расчистиме на начин што можеби ќе се носеа поинакви закони во овој Парламент, поинаква приватизација или поинаков модел на приватизација. Ќе спречевме тоа што веќе го нагласив, грабеж на се она што со години наназад беше создавано.

Такви обиди за расчистување со последиците од стариот режим имало повеќе. Сакам само да посочам дека 1989 година, прв пат во Република Македонија една група припадници на Министерството за внатрешни работи или тогашниот Републички секретаријат за внатрешни работи во која бев вклучен и јас се обидовме да промовираме еден друг начин на дејствување на тогашниот Републички секретарија за внатрешни работи или се обидовме да се прекине таа состојба Службата за државна безбедност да биде и понатаму ударна тупаница на Сојузот на комунистите. Неспорно е дека таа служба преку своите соработници учествуваше во одржувањето на тогашниот систем, но пред се во одржувањето на власт на голем број политичари.

Темата за соработничката мрежа на тајните служби е исклучително сложена. Таа е погодна за политички пресметки, за манипулации и за извртување на некои историски случувања. Јас и минатиот пат потсетив, сега сакам да нагласам дека е многу опасно ако некому се закачи канта на грбот и таа да му тропа дека наводно бил кодош, а тој не бил. Или некој да биде посочен дека бил соработник на тајните служби, а тоа бил, но работел во интерес на државата.

Со отворањето на овие прашања на вистина ги отвораме прашањата сврзани со претходниот систем и за последиците и за се она што се случувало за време на тој систем. Меѓутоа, јас сакам да нагласам дека соработката во тоа време и до денешен ден, значи, соработката со тајните служби е дефинирана со Закон, таа активност никогаш не била противзаконска. И тоа треба да го имаме во предвид.

Неспорно е дека тајните служби одиграа многу важна или клучна улога во одржувањето на тој систем. Затоа, ако сакаме сега да зборуваме за соработниците или кодошите и ако сакаме да изградиме ист однос или ист аршин спрема сите, мислам дека ќе погрешиме, затоа е многу битно да се направи селекција спрема кои соработници важат законските одредби. Дали спрема сите или спрема оние врз основа на чии информации настанале штетни последици спрема други граѓани или биле загрозени нивните права , слободи и претрпеле други последици.

Во законскиот предлог посебно е посочена соработката со Службата за државна безбедност,

Агенцијата за разузнавање, Военото разузнавање, но мислам дека изостанува огромна категорија соработници, тоа се соработниците на Воено известителната служба или КОС. Сметам дека законот треба да го дополниме да се однесува и за оние кои соработувале со КОС. Можеби треба да се размисли дали и на кој начин да бидат опфатени оние кои соработувале со Управата за истражување и документирање при Сојузниот секретаријат за надворешни работи.

Колку што ги следам случувањата во соседна Србија имаше некакви информации дека Српската влада е подготвена при поделбата на имотот од бившата СФРЈ делот што се однесува на архивите, оние материјали кои се однесуваат за соработничката мрежа за оние што КОС ги држела на врска соработници да ги стави достапни на републиките, на тој начин мислам дека и со овие соработници работата ќе биде многу појасна.

Како што нагласив, во втората фаза ќе мора да ги внесеме затоа што има коментари дека предлагачите, бидејќи се сега многу предлагачи, не е само еден, има околу 80 и повеќе пратеници, излегува дека некој намерно сака да ја изостави оваа категорија на соработници.

Сакам да укажам и на ширината на лицата кои треба да бидат опфатени со давање на изјава. Меѓу другото се предлага во член 4 дека практично целокупниот државен апарат, целокупната државна администрација треба да пополнува изјави дали биле или не биле соработници со службите.

Мислам дека тоа тешко можеме да го направиме, ќе има огромна и обемна работа, а целите нема да бидат постигнати.

Кругот околу тоа кој не може да обавува одредена функција, треба да биде стеснет и пред се треба да се однесува на високите функционери на високи државни функции, како Претседател на држава, претседател на Влада, на Парламент, член на Влада, член на Парламентот, понатаму членовите на Уставниот суд, Врховниот суд, гувернер на Народната банка односно како што реков да се однесува само за највисоките државни функции. Со вакав ширина не знам дали ќе се постигнат саканите ефекти со овој законски проект.

Понатаму, во законот се предвидуваат кратки рокови, кои не се во согласност ниту со законите кои регулираат одредени процесни дејствија, да речеме Законот за кривична постапка, Законот за општа управна постапка, некои од процесните одредби во процесните постапки, тука се зборува за три, пет дена итн. Тука треба да има усогласување.

Крајната одлука ја носи комисија. Бидејќи се работи за настанување на тешки последици по правата на граѓаните, сега не треба да направиме закон со кој повторно ќе загрозиме нечии права, нечии слободи на граѓаните. Затоа мислам дека крајната одлука треба да ја носи судот. Комисијата ќе сработи, но сепак, на крај, крајната одлука треба да ја донесе судот и тој да одлучи дали некому ќе му биде забрането политичко дејствување. Практично, дали ќе биде прочистен или лустриран.

Има некои нелогичности, јас имам целосен респект спрема работната група, експертите кои работеа на овој законски проект, но има некои нелогичности. Само да посочам.

Меѓудругото во законскиот проект еве во членот 28 стои тој што ќе даде лажно заверена писмена изјава во член 5 од овој закон, ќе се казни со затвор од 3 години. Тоа нон сенс. Надвор од било каква правна логика и владеење на правото. Секој оној на кој му е загрозено одредено право или може да претрпи одредени последици или е обвинет, тој има право да ги користи сите средства за да се одбрани, вклучително и да дава лажни изјави. За тоа неможе да сноси никаква одговорност. Мислам дека една таква небулозна одредба треба да се исфрли, бидејќи не соодветствува на нашиот правен систем и апсолутно на владеење на правото и правната логика. Мислам дека во втората фаза не треба да постои апсолутно таква потреба.

Инаку, кога работев на проектот за декриминализација тогаш, меѓу другото, предвидов забрана на политичко дејствување или лустрација, но за сите оние кои учествуваа во последните 16 години во ограбувањето на Република Македонија. Затоа сметам дека е многу побитно да има забрана на политичко дејствување за сите оние кои биле вклучени во организиран криминал, корупција и се разбира таквата одлука да ја носи надлежниот суд, а не некаква комисија или по автоматизам.

Инаку, оваа идеја за повторно навраќање за лустрацијата, можеби треба јавно да дадеме признание на новинарите од неделникот ФОКУС кој ја иницира целата проблематика и која на крај резултираше со поднесување на закон. Но, кој треба да биде опфатен во овој закон. Дали само соработниците, информаторите или кодошите на тајните служби. Јас сметам дека три категории треба да бидат офатени.

Прво, соработниците на тајните служби.

Второ, шефовите и раководителите на тајните служби и

Трето, корисниците на информациите, односно оние кои во изминатите 50 години извршуваа високи државни функции, ги користеа информациите и како резултат на тие информации владееја, управуваа со државата. Ако имало штетни последици, ако имало кршење на правото, ако имало прогон, ако имало затварања тие биле најодговорни за состојбите во државата во тоа време и крајно неодговорно и неоправдано е овој Парламент да донесе закон со кој сите оние што 50 години се во овој систем на високи државни функции сега да се извлечат, посочувајќи дека само соработниците на службите се одговорни, а не нивните шефови и не тие самите.

Нагласувам дека треба да бидат опфатени оние кои 50 години ги користеа придобивките на тој еднопартиски систем.

Гледајќи ги согледувањата или мислењето на Владата во врска со овој закон сметам дека Владата треба многу потемелно да се вклучи во подготовката на овој закон за втората фаза.

Понатаму бидејќи има голем број пратеници што го поддржуваат овој проект, не е лошо да се формира една работна група која ќе биде составена од пратеници од сите пратенички групи кои се упатени повеќе во оваа материја и во соработка со експертската група да работат на подготвувањето на втората верзија. Се разбира неопходна е и јавна расправа да се произнесат и невладините организации, да се произнесат експертите, новинарите, но и граѓаните на тој начин ќе имаат можност да го кажат својот став за сите овие прашања кои се отвараат со овој закон.

Инаку, ако не го подготвиме законот согласно Уставот, ако направиме закон со кој ќе загрозиме права на одредени категории граѓани, тогаш штетата ќе биде голема. Инаку, ќе има штета бидејќи отворањето на овие прашања, сами ги отвараме после 15-16 години, по промената на системот на оваа држава, сигурно ќе настанат штетни последици, ние не можеме да побегнеме од тој факт, но еднаш требаше да се расчисти и со оваа работа.

Јас верувам дека сите оние кои застанавме зад овој законски проект, без разлика што одговорно тврдам дека можеби повеќе од 90% не го прочитаа пред потпишувањето, после почнаа да се запознаваат пратениците со конкретната содржина на овој закон. Мислам дека поддршката на овој законски проект е во таа насока да се расчистат овие работи, а не само заради тоа некој да не биде посочен еве, ти не го поддржа овој законски проект поради едни или други причини, верувам дека со искрена и цврста определба овој закон да помине во Парламентот, но и да се донесат такви решенија кои навистина ќе бидат многу јасни и прецизни за да не настанат штетни последици спрема лица кои не го заслужуваат тоа.

Инаку, јас нагласив дека повеќе пати се сакало да се расчистат овие состојби, но никогаш немало политичка клима. Како што нагалсив, во 1989 година се обидовме да расчистиме со некои работи, но во тоа време некои од политичките функционери, некои и сега, исто така се на високи функции на државата, тогаш беа против тие процеси што започнаа во Министерството за внатрешни работи, процеси кои ја најавија “демократската пролет” во нашата држава. Тогаш извршниот совет спрема мене и спрема другите 7-мина презема ригорозни мерки и не суспендира. Така што, сакам да потсетам кои за што се залагал во изминатиот период, бидејќи многу лесно е сега откако помина тој период, откако се најдовме во сосема друг систем, сега да ги извртуваме историските факти и настани. Но, еве, мислам дека има живи сведоци. Штета е што помладите можеби не се сеќаваат на тие турбулентни времиња во тоа време, време кога во една институција, како што беше Републичкиот секретаријат за внартешни работи, настанаа едни демократски процеси кои, за жал, не добија подршка ниту од јавноста. Можеби само двајца носители на политичка функција во тоа време дадоа своја подршка. Тоа беа Васил Топурковски и Петар Гошев. Скоро сите други беа против, а да не зборуваме за медиумите кои беа затворени да ги објавуваат информациите за случувањата во тогашниот Секретаријат за внатрешни работи.

Но, да не должам. Јас сум подготвен да се вклучам и во понатамошната расправа по поеделни решенија што се нудат во овој Предлог за донесување на закон и сакам да нагласам дека неопходна е негова доработка и неопходно е Владата да се вклучи многу потемелно во доработката на овој закон, но пред се треба да дадеме можност да се вклучат и голем број на други експерти, бидејќи оваа тема предизвика огромен интерес во јавноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Три минути реплика за господинот Есад Рахиќ. Повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитуван колега Трајанов, чисто една мала реплика, меѓутоа и во насока на подршка во најголем дел од она што зборувавте.

Ние цело време се декларираме како лидери и после 16 години направивме еден крупен исчекор, без разлика дали на некого му се бендисува начинот на кој тоа е направено.

Само да ве потсетам дека освен во Словенија и во Србија и во останатите поранешни Југословенски држави не е донесен закон за илустрација и дека во тек се постпки во Хрватска и во некои други.

Она за што сметам дека, иако во најголем дел се согласувам со вас и бидејќи сте еден, да речам, пионерите во оваа работа, иако верувам дека пред вас и пред 1989 година имало луѓе кои мислеле поинаку и нормално поради не наидување на разбирање од тогашните структури, биле шиканирани и слично.

Кога ги спомнавте тајните служби и соработка со тајните служби, спомнавте и КОС и останати, треба да направиме јасна дистинкција и мислам дека тоа што го рековте и вие и токму затоа она што оди како предлог закон во две фази, со вклучување на широката јавност, да се докаже кој тоа и од какви причини и побуди го прави. Не можете во ист кош да ги ставите луѓето кои биле уценувани со закана по нивната безбедност, нивното семејство, фамилија и слично, луѓе кои тоа го правеле од срце затоа што сметале дека тој систем дефинитивно е систем за сите нас и онаа категорија, за што верувам дека и вие ќе се согласите, на која тоа треба да се однесува, што тоа го правеле од лични интереси. Знаете, и сега ние работиме нешто за кое можеби некој за 20, 30 или 50 години ќе не обвини дека сме работеле

контра, дека не било во согласност со нормите и слично. Значи, треба да се направи една дистинкција, точно кои луѓе тоа го правеле. Според мене треба, вие добро рековте, луѓето што тоа го правеле од лична корист и дел од оние луѓе ги наведувале на тоа, иако и тука треба исто да се направи разлика, затоа што и дел од луѓето што работеле во службите мислеле дека работат за доброто на државата. Тоа е првата работа.

Втората работа е она што спомнавте за желбата и можноста да ни помогнат од Република Србија, за поранешните вршители на функции, тоа го пишуваше во весниците, во надворешно дипломатските претставништва на тогашна Југославија.

Само да ве потсетам дека и најголем број од трговските претставништва, од луѓето што од големите претпријатија заминуваа надвор да ја застапуваат државата и тие тогаш поминуваа низ службите за безбедност. Се сеќавате, вие подобро знаете, секој голем директор што ќе беше пратен дали од “Вардар-Технометал”, дали од “Генекс”, итн, мораше да ја помине таа процедура. Дали и тие луѓе ќе бидат тука?

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Една минута контра реплика за господинот Павле Трајанов. Повелете.

**Павле Трајанов:** Мислам дека оваа тема ќе отвори огромен број на дилеми.

Беа посочени трговските претставници. Ниту трговски претставник, ниту амбасадор, ниту друг чиновник во амбасадата наша, не смеел да одбие соработка со службите и на времено да не доставува информации. Така што, навистина има одредена категорија на граѓани кои соработувале, имале задолжителна обврска да соработуваат со тајните служби. Но, има голема категорија на граѓани кои прифатиле соработка под притисок и под страв. Има голем број на категории што треба да бидат изоставени, но, исто така, голем број на соработници соработувале и соработуваат со службите, само заради тоа што сметале дека работат во интерес на државните интереси, а не за своја сметка, или за личен профит.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Пратеникот Владо Бучковски е најавен за отсутен.

Пратеникот Иван Анастасовски е следниот најавен, но бидејќи имаме уште неколку минути до паузата за ручек, овде ќе дадам пауза за ручек, а веднаш после паузата почнуваме со дискусијата на пратеникот Иван Анастасовски.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,06 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претресот.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван овластен предлагач на законот кој е денес на дневен ред, таканаречен Закон за лустрација популарно, јас сакам да проговорам кратко во однос на тоа дека навистина има потреба од донесување на еден ваков законски проект и дека можеби малку задоцнето се отвора ова прашање во Република Македонија, но најголемата потврда од тоа дека има потреба од донесување на овој закон е всушност потписот на 89 пратеници. Нека ме исправат ако има нешто повеќе од тоа, бидејќи дополнително се приклучуваа пратеници кои не беа директно потпишани на овој предлог. Тоа е најголемата потврда дека всушност во Република Македонија има потреба од донесување на овој закон. Добро е што предлагачите, ајде да речам овластениот предлагач, реши тоа да оди во две фази и да можеме да дебатираме во однос на ова прашање со поширока јавна дебата, со што на крајот ќе се изнајде најдобро соодветно решение како ова прашање да биде генерално регулирано во Република Македонија.

Јас исто така сум еден од потписниците и на Комисијата за политички систем реков и овде ќе речам, бидејќи гледам салава баш не е многу исполнета со колеги пратеници и верувам дека веќе ни е потребен одмор на сите барем еден ден за можеме да земеме воздух, бидејќи од 1 декември без престанок имаме секој ден седница. Да не излегувам од темата, да се вратам на она што значи точка на дневен ред.

Мене ми е драго што ова прашање доаѓа токму од политичар кој беше на високи позиции во претходниот систем, и во времето на нашето осамостојување исто така е на високи позиции, па имал доблест и храброст да отвори едно вакво прашање, кое верувам нема да биде многу позитивно за одредена категорија граѓани во Република Македонија. Јас веднаш се решив да дадам поддршка на овој проект и добро е Република Македонија во тој дел да заврши со своето минато. Како млад политичар не сум имал многу прилика да учествувам во такви активности и тоа сосема одговорно го тврдам, па кога се заинтересирав за ова прашање, бидејќи ако разговарате со луѓе не можете да добиете многу информации и податоци во однос на ова прашање, бидејќи ретко кој сака за тоа да говори. Тогаш се обидов преку интернет да побарам нешто што всушност се пишувало, што всушност се разговарало и какви се натписи имало во однос на ова прашање, од една страна. Од друга страна, ме интересираше и останатите земји кои имале потреба ова да го направат и да раскрстат со своето минато како го направиле тоа. Кога говорам дека ова е суптилно прашање, мислам дека многу тешко може да се разговара. Претходно само ќе напоменам дека првиот дискутант, господинот Павле Трајанов се гледа дека има одлични познавања во однос на ова прашање. Тој даде некои свои препораки и насоки кои одат во правец на подобрување на текстот на законот. Многу не би навлегувал во самиот текст и подоцна би кажал само за една дефиниција која е внатре во решението, за која мислам дека треба

да најдеме соодветен термин и ќе дадам некои факти во однос на тоа.

Гледајќи на интернет, барајќи одредени податоци и документи за тоа што се случувало години наназад во однос на ова прашање во Република Македонија и што се случува во државите кои го направиле тоа пред нас, а денес се дел од Европската унија, се запрепастив. Искрено да ви кажам, ова е нешто слично како во филмовите на Џемс Бонд, само таму сум можел да видам вакви активности кои ги прочитав во некои натписи кои ги земав од интернет.

Она што го рече и колегата Павле Трајанов, има еден натпис во медиумите кој е произлезен од интернет, каде што не се цитираат изворите, се вели: кога се зборува за лустрација и соработка со службите, треба да се имаат предвид три категории лица. Мислам дека тоа го слушнав и од првиот дискутант, а тоа се: соработници, шефови на тајните служби и на крајот корисници на информации, односно учесници во политичкиот естаблишмент кои користеле дел од сознанијата за напредување во кариера и тоа е многу битно. Многу е битно со овој закон да разграничиме две работи: дали одредена личност давала информации за да се деградира некој друг во политичкиот живот, не со цел да и помогне на Република Македонија, туку со цел да си помогне на себе и во својата политичка опција да напредува во хиерархијата, што е сосема некоректнои на тоа мораме да му ставиме крај. Од друга страна, можеби има луѓе кои надвор од своја волја, можеби и не знаеле дека всушност нивните разговори оделе во правец тие информации до крај да се процесуираат кај одредени служби, што мислам дека со овој закон треба прецизно да ги одвоиме тие две работи. Затоа, во истиот текст кој го најдов на интернет, подолу стои, значи според нив, според изворите, бидејќи веќе реков дека ретко кој јавно сака да даде одредени податоци и информации во однос на ова прашање. Според нив, огромен е бројот на лицата што директно или индиректно, а некои, и нема лустрација, за информирање на КОС без свое знаење соработувале со службите, што овде јасно се кажува во изјава на непознат извор.

Затоа, треба да се направи разлика меѓу оние кои тоа го правеле доброволно и легално и тие кои доставувале лажни информации за да наштетат некому и да прибават некаква лична корист, што е многу битно и тоа треба јавно да се каже.

Одиме подолу во однос на тој извор, па се кажува дека сите потенцијални доушници, значи овде се така дефинирани, прво поминувале низ таканаречена претходна оперативна обработка ПОО. Јас искрено се изненадив почитувани колеги, за да се види дали се способни да ги извршуваат обврските и не сакам понатаму да го читам овој текст. Искрено да ви кажам буквално наликува на филмовите на Џемс Бонд. Значи и претходно тие луѓе биле спремани, обучувани за такви активности.

Тука ќе посочам само еден пример, за да ги одвојам тие луѓе од луѓето кои можеби биле принудувани. Значи велам можеби, јас немам прецизни информации, ниту можам нешто да кажам во тој правец, но секогаш говорам со претпоставка. Значи апсолутно треба да ги одвоиме тие луѓе кои биле принудувани. Тука сакам да го посочам примерот, кој го реков на Комисијата за политички систем дека во Швајцарија во пограничните зони на целата територија секој граѓанин кој ќе даде информација на полицијата дека можеби има некои дејствија кои можат да ја нарушат безбедноста на државата, за тоа добива парична надокнада што е во интерес на државата, а не во интерес на она што пишува изворот кој ги дава овие информации во еден дневен весник. Тука исто така треба да направиме големи разлики. Затоа, кога реков дека во однос на текстот во членот 3 можеби терминот “таен информатор” треба да разговараме да биде променет со нешто поинаку. Не можам сега во моментот точно да кажам, меѓутоа, да се разговара тој термин да биде променет со нешто поинаку.

Сега што правеле земјите кои решиле пред нас да го затворат ова прашање, кои решиле да стават точка на ова. Барајќи по интернет, барајќи по дневните весници, најдов два текста. Едниот вели вака: повторна лустрација на функционерите во Чешката полиција и ќе ви одземам малку време да прочитам дел од текстот за да видите што се кажува во однос на ова прашање и како во Чешка се одвивал тој процес. Се работи за чешкиот министер за внатрешни работи Иван Лангер, кој открил одредени такви активности во Чешкото преставништво на Интерпол. Вели:”Причина за ваквата улога на Лангер е неодамнешната афера со шефот на чешкото претставништво на Интерпол Павл Михаил, кој при постапката за лустрација за една буква го изменил своето име, наместо Павл станал Павел”, значи очигледно сакал нешто да прикрие од минатото и затоа аналогно на тоа што го направил била поведена постапка за негово разрешување. Таму веќе процесот дебело е навлезен во фаза каде што треба веќе да се расчистува со она што значи минато на Чешка.

Во тоа во еден натпис ќе сретнам “Полска го олеснува ловот на вештици” и тука гледаме голем број на луѓе од политичкиот живот во Полска кои биле инволвирани. Дури, вели во јануари 2005 година на листата се наоѓаат повеќе од 120.000 имиња, кои биле обелоденети пред јавноста од Институтот за национално паметење. Тоа е Институт надлежен согласно нивниот закон да ги следи тие работи. Значи дури над 120.000 имиња се појавуваат.

Од почитуваниот овластен предлагач барав одговор односно го прашав дали можеме да добиеме одредени информации, знам дека тоа е тешко, за да знаеме за која бројка се работи, за луѓе кои би се нашле во однос на дефиницијата што постои во законот. Таа бројка што ми беше кажана лично мислам дека е поголема, не можам

сосема одговорно и крајно да речам дека е тоа, но мислам дека навистина е поголема, а времето ќе покаже. Најбитно од се е, за да бидеме искрени пред самите себе си и пред овој законски проект, пред она што сме дале потпис на овој проект да заживее, тој на крајот да добие шанса во пракса. Да заживее, бидејќи многу проекти не само од оваа област туку и од други области во Република Македонија не доживеаа свој епилог на терен, во пракса. Верувам дека и овој проект на крајот ќе нема сопки, ќе нема пречки за да може да санкционира одредени појави од минатото. Ова го говорам бидејќи навистина ниту сум учествувал во тој период, ниту сум имал некаква врска со тој период и поголем дел од колегите се да речам од новата генерација на политичари, бидејќи јас не се доискажав во однос на она во Полска. Со таквиот закон се случува драстична промена на политичката сцена во Полска и Полска денес е членка на Европската унија. Искрено не би сакал со овој закон кај нас ние да бркаме вештерки, тој да се претвори во лов на вештерки, туку навистина да се санкционира нешто и да се даде шанса Република Македонија што побрзо да стане членка на НАТО и Европската унија, бидејќи Полска и Чешка тоа го доживеаа. Затоа ги земав како пример.

Одам понатаму, ќе цитирам еден мој пријател и колега и од овој и од претходниот состав, кој можеби во иронија или не знам како вели: “Ние те водевме тебе под прекар “Бони-М””. Јас искрено не знам што е тоа и не знам што значело тоа, веројатно колегата што ми го кажа тоа има повеќе сознанија. Барајќи по интернет што е всушност тоа, гледам дека во целокупната таква активност се кажува дека луѓето за кои се воделе досиеа се заведени под различни псевдоними како “доктор”, “апетоза”, “лидеро”, “врховен”, “академик”, “паун” и не знам што се уште. Навистина било интересно во тие времиња. Јас не би сакал да верувам во тоа што ми го кажа колегата, можеби е само една мала шега од негова страна и воопшто не сакам тоа да го носам како товар. Треба да гледаме напред, што било било. Верувам дека на крајот ова што го направивме и овластениот предлагач и ние останатите кои се потпишавме на овој проект ќе го донесеме она што значи редовна постапка, согласно Деловникот ќе биде вратен овој текст во Собранието и потоа ќе ја оставиме обврската на извршителот навистина да се потруди и тој проект да го стави во функција во пракса, за да можеме нормално да ги видиме ефектите како што овде ги пишува во Чешка, Полска и редица други држави, за кои сега можеби не е потребно да се елаборира. Ќе повторам, и нашата пратеничка група на НСДП апсолутно дава поддршка на овој закон и ние ќе гласаме за.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Пратеничката Весна Јаневска не е присутна.

Има збор пратеникот Надица Танчева-Тулиева.

**Надица Танчева-Тулиева:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Законот за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција или популарно наречен закон за лустрација ќе се донесува во две фази и добро е што сите ние како пратеници ќе имаме можност да ги дадеме своите мислења, ставови и видувања во однос на потребата од донесување на законот и во однос на подобрување на текстот на законот.

Потребата од донесувањето на законот, иако со мало задоцнување, е евидентна во Република Македонија од повеќе причини. Иако Република Македонија формално правно го смени својот комунистички на владеење со демократски, за жал, носителите на тоталитарниот метод за пресметка со политичките противници на бившиот режим се уште ги контролираат основите на тој систем на владеење и ги кочат промените кон вистински демократски односи во општеството, дури на некој начин може да се каже дека во последните 15 години во некои аспекти тајната структура со која се контролира економскиот, политичкиот и општествениот живот ги надмина во негативна смисла и своите претходници во кршењето на правата предвидени и загарантирани со Уставот на Република Македонија. За да може Република Македонија конечно да се ослободи од ваквите негативни последици на бившиот систем на владеење, потребно е да се преземе повеќе активности кои ќе овозможат декомунизација на општеството, при што со донесувањето на овој закон ќе се овозможи забрзувањето на овој процес. Самото донесување на законот нема да биде доволно да се постигне целта, т.ес. да се расчисти со носителите на антидемократските процеси и методи на владеење преку организирањето и користењето на бившата тајна соработничка мрежа на поранешните служби на државна безбедност и заради тоа ќе биде потребно во овој процес да се вклучат што повеќе поединци од јавниот сектор, медиумите, невладините организации, универзитетите, верските заедници, односно со еден збор сите оние кои на својот грб го имаат почувствувано негативното делување на тие тајни мрежи. Знаеме дека тоа нема да биде лесно, бидејќи тие ќе даваат отпор на овие активности, трудејќи се по секоја цена да се реинкарнира тоталитарниот и монополистички режим и метод на владеење. Дека во Република Македонија добро функционираше и организирано делуваше тајната структура, има докази и за нив и нивните активности до сега отворено зборуваа високи политички функционери од сите политички партии. Сакам да кажам дека постои општ консензус дека тоа еднаш за секогаш мора да се разреши и расчисти.

Инаку, процесот на лустрација во Република Македонија ќе има многу пречки и поради тоа ќе треба да бидеме многу внимателни при надминувањето на тие причини, посебно што сеуште не е завршена реформата на безбедносните сили според ЕУ стандардите. Има

уништени делови од евиденцијата во досиеата на службите. Во изминатиот период имаше непочитување на законските прописи за евиденција, класификација, чување и користење на документите од безбедносната сфера, потоа работење на овие тајни мрежи на соработници и надвор од институциите, при што не може да се најдат материјални докази за нивната активност. Потоа, изработка на таканаречениот пакуван случај, кога се злоупотребуваат одредени документи од безбедносните служби и се врши целосно монтирање со цел прикажување во негативно светло на одредената жртва, нефункционирање на државните институции или нивно неконтролирано раководење во изминатиот период, се со цел да се покријат и искриват факти од начинот за утврдување на вистината.

Во врска со законот за лустрација се појавија, како што сите знаеме, многу полемики во медиумите околу следното. По смената на власта во 2002 година, според Законот за примопредавање на архивската граѓа помеѓу Министерството за внатрешни работи и Државниот архив на трајно чување биле предадени 14.572 илјади лични досиеја и една година подоцна 22.123 лични досиеја од затворот Идризово. Согласно законот за постапување со досеја на лица водени од Службата за државна безбедност од 2000 година во делот за заштита на податоци од лични досиеја членот 11 предвидува заштита на лицата кои кодошеле. Согласно овој закон и Законот за архивска граѓа, во Архивот на Македонија е донесен правилник за користење на ваквите досеја во иднина и постапката во тој правилник за користење на досиејата е доста ригорозна и го штити откривањето на кодошите до 2032 година. Меѓутоа, со Законот за лустрација е предвидено лицата чија лустрација ќе се бара на доброволна основа ги бараат таквите податоци, самите и Комисијата за верификација на фактите, согласно законот има мандат да го прави тоа. Затоа, овде не можеме да зборуваме за правна колизија или судир на законите. Или, ние можеме евентуално во ингеренциите на Комисијата, во членот 19, каде таксативно се наброени надлежностите на Комисијата, да се додаде и одредба со која ќе се регулира токму ваквата ситуација, за да во иднина не се ставаме во заблуда. Инаку, и пред промената на власта, како што знаеме во 1998 година како и во 2004 година многу досиеја беа запалени, односно уништени во Железара и Металскиот завод Тито. Со законот исто така, не се опфатени информаторите на службите за јавна безбедност, а кои исто така беа користени за политички цели, посебно од осамостојувањето на Република Македонија и сметам дека со Законот за лустрација ќе треба да бидат опфатени и тие. Ќе кажам еден пример како делуваат тие. Имено, кога наводно пукна бомба во село Пишица кај роднини на екс премиерот Хари Костов, одделот за антитероризам во Службата за јавна безбедност преку своите информатори изврши невидена пресија кон припадниците на лавовите, се со цел да се забошоти убиството на Диме Поштарот во Скопје. Или, таквите информатори од Службата за јавна безбедност, односно одделот за антитероризам вршеа злоупотреба со снимки од митинзи на опозицијата токму заради политичка пресметка со нив, а не за нешто друго. Оваа полициска структура и нејзините информатори за време на владеењето на претходната власт, навистина беа во предел план во пресметка со полициските опоненти. Се сеќаваме на примерот со Раштански Лозја, набавките во Министерство за внатрешни работи итн. Исто така, сметам дека со овој закон треба да ги опфатиме и оние од бизнис секторот односно олигархијата, кои биле и сеуште се инволвирани во тоталитарниот начин на делување и со тоа придонесоа за зачувување на својата економска моќ и на останатите носители на антидемократските активности. Значи, сите овие аргументи одат во прилог на тоа дека конечната пресметка со овие сруктури кои запечатиле судбини на илјадници граѓани на Република Македонија, конечно мора да се оствари и тоа не само со донесување на законот и неговата имплементација, туку и со јакнење на реформите во безбедносниот систем, реформите во економскиот систем, вклучување во сето тоа на јавноста, невладините организации, медиумите итн.

Република Македонија како земја која што претендира за влез во ЕУ, исто како и многу држави од Источна Европа, мора да го донесе законот за лустрација, со чија помош ќе се отстранат остатоците од бившиот режим. По втората светска војна, знаеме дека такви мерки беа преземени во Германија, Италија, Јапонија, Франција итн., а по распадот на комунизмот, прва држава која ја спроведе лустрацијата во 1991 година беше Чехословачка, со која навистина се направи голем напредок во развој на демократијата. Пред извесно време, сите знаеме дека и Ватикан и упати на Хрватска повик за лустрација односно и порача да го исчисти минатото односно да го испита минатото на многу категории на луѓе, кои биле соработници на УДБА, се со цел самите да си помогнат со расчистување на таквите структури и со тоа да придонесат во развојот на демократијата.

За уште еден аспект би сакала да кажам овде. Мислам дека со Законот за лустрација конечно ќе расчистиме многу прашања и за нас многу мистични ситуации од подалечното и од поблиското минато, кои запечатија судбини на илјадници македонци и нормално сите нас како граѓани на Република Македонија, Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, итн., ќе ја дознаеме вистината, затоа што само вистината и ништо друго не може да ги смири нашите души. Помеѓу таквите јас ќе спомнам само неколку. Имено, кој ги кодошеше и кој ги ликвидира Ченто, Рацин, Брашнаров. Зошто после војната, жестоко е прогонувана МПЦ, а 20-мина свештеници беа осудени за ВМРО, меѓу кои и нашиот покоен Архиепископ Господин Господин Михаил. Кој ги кодошеше и кој нареди да се ликвидираат Ѓорѓи Јармов, Мирко Пецев, Борис Велев, Ѓорѓи

Костуранов, и Стево Топчев, младите струмички студети кои што брутално беа убиени на планината Беласица во 1951 година. Кој го украде конфискуваното злато на македонските трговски занаетчии и златари. Кој нареди и кој ги кодошеше браќата Миладинови во Штип и нареди да се запалат четирите Миладински куќи, од кои што едната на мојот дедо Ристо Миладински во 1947 година, месец мај, кога изгоре и мојата баба.Кој во средината на месец јули 1949 година, со пиштол брутално ги уби младите брад и сестра, Димитар и Каранфила Јовчеви од село Иловица Струмичко итн., итн.

На крајот, потребата од донесување на овој закон е навистина голема, бидејќи со него ќе помогнеме во деморкатизацијата на општеството и во наредните пет години со него ќе се овозможи, на клучни позиции во власта, образованието, науката, културата, итн., да дојдат луѓе кои нема да бидат управувани од центри на моќ заостанати од минатиот режим и ќе работат во интерес на граѓаните и државата, согласно правото и законите.

И, на самиот кај би сакала да кажам дека ќе дадам целосна поддршка за потребата на донесувањето на законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Тулиева.

За реплика се јави Филипова Верица.

**Верица Филипова:** Благодарам господин потпретседател.

Очигледно, читаниот говор односно напишаниот, порачаниот од трето лице говор, на мојата колешка Тулиева, би сакала да запрашам неколку работи.

Беше спомнат фактот во прво лице еднина дека во 1998 и 2004 година во Железара биле запалени досиеја. Дали вие учествувавте во тоа палење госпоѓо Тулиева. Во спротивно, би сакала да ве прашам, ако толку си информирана, чии досиеја палевте, кој ги палеше тие досиеја и зошто ги палевте, тоа е едното прашање.

Второто прашање за палењето во Штипските куќи, кога веќе се враќаме во минатото, сакам да спомнам дека и куќата на Пупунчеви, на моето семејство, на 5 април 1941 година, беше запалена. Кој ја запали нашата куќа. Ако веќе вие спомнувате палење на куќи, кажете го и ова. Куќата на едно од највидните семејства во Штип Попунчеви и Филипови беше запалена на 5 април 1941 година. Не за време на бомбардирањето од Германците, туку од некој друг. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Контра реплика од една минута има Танчева Тулиева Надица, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам потпретседателе.

Најпрво, би сакала да почитуваната колешка Филипова да и кажамдека говорите јас самата си ги пишував, за разлика од неа. Потоа, би сакала да и кажам дека таа не ги слуша добро моите говори, значи кажав дека досиеја беа палени пред промената на власта во 1998 година, значи во времето кога СДСМ беше на власт и 2004 година, тука не сте ме следеле добро. Би сакала да кажам дека мене навистина ми е жал за куќата која што била запалена на вашиот дедо не навлегувам во тие работи и да ви кажам дека овој закон, како што е предвиден како Предлог закон се однесува за периодот од 1944, па до влегувањето во сила на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика од три минути има пратеникот Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал накратко да и реплицирам на колешката, бидејќи се работи за закон кој што има најголема поддршка до сега од голем број на пратеници, значи над 2/3 од сите пратеници во Собранието кои дадоа поддршка за потребата од донесување на овој закон. Во таа смисла сите што дискутираа по овој закон, влучително и колешката треба многу внимателно да ги бира зборовите по кои што ќе го одбрани овој закон, а не како што настапи сега на говорницата веќе да кажува за кои случаи или за кои лица индиректно ќе се води постапка за лустрација или за докажување на некои факти. Мислам дека ако така настапуваме, ќе му дадеме една непотребна политичка димензија на овој закон и како која власт понатаму ќе се менува, ќе си отвора свои процеси, се со цел преку овој закон да се пресметува со своите политички противници. Мислам дека ваквото излагање и ваквите говори не не водат на добар пат кон овој закон да остане со таква поддршка каква што беше сега во првата фаза и треба сериозно да се размисли, секој оној што сака да дискутира, не однапред да кажува вакви или на кои случаеви ќе се однесува овој закон или за кои лица ќе се поведуваат постапки. Мислам дека тоа е некоректно и значи нарушување на угледот на секој што ќе се препознае, а и самиот закон во неколку члена третира две одредби. Прво, дека ќе се почитува достоинството на лицата за кои ќе се поведе постапка и дека е загарантирана тајноста додека не се докаже дека она за што е поведена постапка дека е вистина. Така, секое изнесување на факти во јавноста, без да се докаже, подлежи на кривична или на парична казна, за прекршочна постапка. Затоа, би апелирал до сите колеги при дискусијата околу овој закон строго да внимаваат да не го злоупотребуваме во политички цели, бидејќи во тој случај ќе ја изгуби поддршката и од јавноста и од пратениците кои веќе се потпишаа за негова поддршка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Контра реплика од една минута има Танчева Тулиева Надица.

**Танчева Тулиева Надица:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно и колегата не ја прател мојата дискусија. Јас кажав дека е добро што постои општ консензус за донесување на овој закон

помеѓу сите политички партии. И, сега не знам зошто вие толку се возбудивте, да не се препознавте некаде, не знам. А, инаку, околу случаите кои што ги кажав, сакав да кажам дека секој кој што бил погоден едноставно само вистината не интересира и ништо друго.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван овластен предлагач, почитувани колеги пратеници,

Заедно со Предлогот за донесување на законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција, се почесто во нашиот дневно-политички жаргон го среќаваме и терминот лустрација. Термин кој досега беше сосема непознат и магловит. Да му дадеме малку светлина на овој термин, кој за прв пат се појавува во древниот Рим, што значи церемонија за чистење од некое зло. Лустрата се практикувала како церемонија на секои пет години. Главна соддржина на церемонијалната лустрација била кружна процесија која се повторувала три пати околу лицето, лицата или предметите кои требале да бидат политицирани или очистени. Главно средство за тоа биле факелите или жртвените животни кои обично ги следела ритуална музика, танци, а по некогаш и стихови. Во процесијата обично учествувале личности кои биле на добар глас - бона номина. Лустрацијата се применувала и на дримската војска. Етимолозите не се потполно согласни за точната етимологија на поимот лустрација. Постојат две толкувања, едниот дека потекнува од латинскиот глагол лаваре или перење, а другото толкување дека потеклото треба да го бараме во глаголот луцере, блескање или сјај кој набргу и се одомаќинил токму поради сјајот на фаќелите кои ги осветлувале процесите наочистување од гревовите и злото.

Во современиот политички жаргон, лустрацијата се разбира како просветлувачки процес на општеството во расчистувањето со неславното минато на тоталитарните системи, пост комуистичките земји во раните 1990-ти години, со многу надежи гледаа на лустрацијата како основен инструмент на новото демократко читање на својата сопствена историја, разбирајќи ја како и неопходна домашна задача амбицирањето да се пишува сопствената европска приказна. Дополнителен мотив за тоа беше и резолуцијата 1096 донесена од Парламентарното собрание на Советот на Европа во 1996 година, која лустрацијата се препорачува како задолжителен елемент во воспоставувањето на демократски инструменти и принципи на владеење. Тоа во секој случај значи започнување на демократска битка во континуитет, која има свој почеток, но не и свој крај. Но, има и една битна демократска детерминанта која гласи: “Лустрацијата мора во секој случај да се легитимира како заштита на демократијата, а не како нејзина казна”. Оваа одредница во исто време е и тенка црвена линија која свети во примената на лустрацијата како нејзино основно предупредување.

Ќе има ли Република Македонија доволен демократски капацитет да го отвори, но и финализира процесот на збогување со минатотот, процес во кој лустрацијата би била само еден сегмент кој води кон отворање на досиејата на тајните служби и кој понатаму би финиширал меѓудругото и со нивна темелна реформа. Ова е првичната дилема, прашање што јавноста, а посебно медиумите во Република Македонија ја поставија по повод Предлог законот за определувањето на дополнителен услов за вршење јавна функција, популарно наречен закон за лустрација.

Клучно за Македонија е не само да го отвори туку и да го продолжи процесот, смета дел од стручната јавност. Законот за лустрација треба да фрли светлина врз тајните превези на минатото, да осветли, да ги разбие стегите врз демократијата, процесите, институциите, да ослободи нова енергија за демократски развој, да овозможи демократско читање на еден недемократски поредок, да се учи на сопствените грешки од минатото, учејќи се истовремено на императивно почитување на човековите права и слободи во воспоставувањето потполно компатибилен правен поредок на западно-европскоto. И, ние како пратеници, но и стручната и лаичка јавност се исправени пред бројни дилеми за кои треба и заеднички да дебатираме и заеднички да фрлиме светлост врз словото на Предлог законот што денес го имаме пред нас. Имам пред себе забележано бројни дилеми на реномирање имиња од правото и политичките науки поставени на бројни семинари и конференции посветени на проблемите на лустрацијата и би сакал заеднички да ги провериме нивните дилеми, а нашите потенцијални потешкотии по примената на лустрацијата.

Најпрво дилемата за заедничкиот принцип и основа за лустрацијата. Дали е можна нејзина унифицирана примена во сите пост-комунистички земји. Искуствата веќе го даваат одговорот. Земјите кои воспоставија нејзина примена акцент ставија на своите специфики. Чесите први ја спроведоа лустрацијата и ја спроведоа линеарно со закон кој на високите, но и на средните и пониските државни и воени партиски функционери им забрани во одреден период да бидат активни во политичкиот и јавниот живот.

Словенците расчистувањето со стариот систем го усредоточија на судството. 1997 година основен е суд за лустрација задолжен за целосна постапка на лустрација. Личноста се отстранува од функција во функција на докажана привилегирана врска со тоталитарниот режим. Истата 1997 година донесен е и првиот бугарски закон за лустрација со намера да гарантира дека ниту една личност која била вклучена.

Истата 1997 година донесен е и првиот бугарски Закон за лустрација со намера да гарантира дека

ниту една личност, која била вклучена во активностите на бившиот режим, нема да може да врши јавна функција. Прва целна група на бугарската лустрација беа бројните безбедносни служби. Сеопфатниот систем на лустрација во безбедносниот сектор, еден момент дури претеше да го загрози елементарниот безбедносен основ на Бугарија. Во 2001 година, лустрацијата во Бугарија ја спроведува парламентарна комисија која утврдила, замислете дека 1225 члена на четирите парламентарни состави на Бугарија, од 1989 година до денешен ден биле соработници на бившиот режим.

Во Полска на пример, на удар на лустрацијата се најдоа и високи претставници на црквата, а во Германија заради соработката со озлогласената Штази, лустрацијата без работа остави само во Естонија над 10 илјади учители, наставници и професори. Во Албанија низ два закони за лустрација, потегната е широка акција за лустрирање на огромен број адвокати и судии, а во последниве години главна целна група на овој процес, се културните работници, уметниците и писателите.

Значи, унифициран код за лустрирање од посткомунистички земји не постои. Секоја од горенаведените земји со го започна својот лустрационен од по маките, во зависност од степенот на политичката волја, од капацитетите на моќ во иницирањето и спроведувањето на лустрацијата, кои ја имат главните актери во тој процес, политичарите, медиумите, граѓанските здруженија, меѓународните организации. Одредувањето на лустрацијата е и треба да биде различно од држава до држава, во зависност од нејзината историја, консталација на актуелната политичка моќ и други специфични околности. Но, иако не постои унифициран законски модел за лустрацијата и процедурата, која подеднакво успешно би се применувала во повеќе земји, постојат услови кои сепак би биле заштитник од можен политички волонтаризам и реваншизам во нејзината примена. Тие општи одредници се неопходен услов за целосна и успешна лустрација скоро во сите земји.

Прво,, ако законот за лустрација се спроведе во целиот период после Втората светска војна, а не селективно како во некои земји од крајот на Втората светска војна до почетокот на 90-тите со глобалниот пад на комунизмот во светот.

Второ, власта треба коегзистентно да ги спроведува законите за лустрација и законите за јавен пристап кон досиејата на тајните служби, а парламентите треба строго и редовно да го проверуваат нивното спроведување.

Трето, надлежните власти треба континуирано и систематски да ги вклучуваат и стручњаците и невладините организации во подготовката и спроведувањето на соодветните закони, во врска со лустрацијата. Сето ова заради тоа што лустрацијата не смее да се претвори во инквизиторски чин на лов на вештерки, во ноќи на долги ножеви за политички реваншизам. Лустрацијата, во никој случај не смее да се разбере како начин за пресметка на актуелната позиција со актуелната опозиција.

Четврто, заради потенцијалната опасност од фабрикување на документи на тајните служби, непотполни, несигурни и козметички дотерани податоци, можат да му нанесат дополнително зло на општеството и еден куп дополнителни лични трауми уште на многу луѓе. На пример за вметнувањето на Лек Валенса во списокот на Полската тајна служба, за да го компромитира уште во времето кога бил синдикален лидер на "Солидарност". Добро подготвен закон за лустрација и применлива процедура би бил пред се во функција на заштита на демократијата и би имал пред се превентивна улога, како што е црвениот картон во фудбалот. Одстранет си од игра на одредено време во склад со законскиот пропис.

Но се поставува уште една дилема со сосем демократски легитимитет.

Прво, дали е можна силна демократија, која во својот концепт го вклучува и принципот на исклучување од демократските процеси на одредено време.

Второ, дали во професиите како што се војската и полицијата, кои биле силен чинител во организационата поставеност на бившиот режим, се неопходни посилни или комплетни форми на прочистување во споредба со другите сегменти од јавниот живот.

Меѓу позитивните претпоставки на лустрацијата, стручњаците од оваа област ги спомнуваат и следниве моменти.

Прво, можноста јавната администрација да се ослободи од едно долготрајно политичко влијание, кое како доминантен модел на однесување е наследен од комунистичкиот период. Овозможувањето на повисоки професионални и етички стандарди е неопходен услов и во борбата против организираниот криминал и корупцијата, длабоко всаден во досегашната бирократска прагма на јавната администрација.

Второ, во областа на економијата од добро спроведена лустрација можноста, политичката номенклатура да го транзитира политичкиот капитал во економски, станува минимална. Лустрацијата е основен инструмент и во расчистувањето со бизнис олигархијата, која е директен продукт на овој долг транзиционен посткомунистички период.

Трето, во сферата на политиката лустрацијата е олеснувач во воспоставувањето сигурно демократско плуралистичко општество.

Четврто, во сферата на владеењето на законите и правата, лустрацијата е можност и начин да се расчисти со незаконското работење на судиите, мотивирано од политичко идеолошки, но и конкретни бизнис интереси, главна пречка во процесот на реформирањето на истото.

Како Република Македонија ќе се препознае во сиве овие дилеми и претпоставки пред донесувањето на овој Предлог-закон, кој е предмет на денешнава собраниска расправа. Дали искуствата од примената на законот за лустрација во другите земји ќе ни биде доволен репер и претпоставка за успешно спроведување на процесот кој најголем дел од нас пратениците смета дека и е неопходен на земјата.

Дали сме доволно јасни во нашиот концепт во однос на појдовната точка, во однос на дефинирањето на целите, но и по прашањето кој е вистинскиот субјект на лустрацијата.

Примената на лустрацијата, сакале ние или не, ќе не одреди малку подобро и на план на колективното несвесно, но и на план на дефинирање на јавната свест, ќе бидеме несомнено исправени пред различни области на однесување, пред различни ментални матрици за однесување со сопственото минато. Било како било факт е дека, а тоа го нагласува и предлагачот во образложението на овој Предлог-закон, дека процесот на декомунизација и лустација до сега ја одминуваше Република Македонија, иако се очекуваше дека со носењето на законот за отворање на полициските досиеја 2000-та година, ќе каже предлагачот, конечно ќе се отвори процесот на декомунизација на општеството, тоа не се случи. Стана очигледно дека политичките елити покажаа резервираност и неподготвеност да се расчисти со комунистичкото минато на Република Македонија. Не се отвори ниту академска, ниту политичка расправа за потребата од лустрација, како средство за справување со комунистичкото наследство на Република Македонија, а ниту се направи стручна проценка на успешноста, ефикасноста и корисноста на имплементирањето на оваа мерка во останатите источно-европски држави во процесот на декомунизација на нивните општества и интегрирањето во Европската унија.

Дури декларацијата за извинување на жртвите на режимот од 1945 година до 1990 година која 11 години чекаше да биде донесена, не предизвика широка расправа. Напротив, прво наиде на отпор и тоа жесток отпор на отфрлање, а откако беше донесена видливи се обидите да се маргинализира и заборави. Затоа, и после 15 години сеуште е актуелна потребата од отворање на ова прашање законот за определување на дополнително вршење на јавна функција е мерка на конкретно законско дистанцирање на нашата држава од остатоците на тајните инструменти на политичката репресија и нивно елиминирање, за тоа ќе каже предлагачот.

Со законот, се воведува условот несоработка со тајните служби на државната безбедност. Ова се однесува на оној тип соработка, идеолошки, мотивиран и насочен да репресира секакво поинакво мислење, или поинаква политичка опција. Се воведува обврска за сите кандидати за вршење на јавна функција и за личности кои вршат јавна функција да дадат изјава за несоработка. Со овој закон се основа комисија од 9 члена, овластена да врши верификација на актите и да ја проверува точноста на изјавата.

Законот се однесува на периодот од 2 август 1944 година, до стапувањето во сила на овој закон. Законот ќе се применува пет години, а предлагачите оценуваат дека со петгодишна доследна примена на овој закон, ќе се исцрпи неговата улога и ќе се постигне неговата цел.

За успех на нашиот закон за лустрација, многу важно е, смета дел од стручната јавност, да биде јасно одреден критериумот за одговорност, како и да биде овозможена индивидуална можност за одбрана и рехабилитација. Колку што е можно повеќе да се избегне политичкото арбитрирање и произволноста, толку повеќе процесот на лустрација ќе може да ја ефектуира и да даде вистински резултати. На модерните општества, истакнуваат други познавачи на темата лустрација, многу повеќе им е еминентна индивидуалната одговорност со адекватно судење, отколку формите на било какво колективно осудување. Имајќи го пред нас Предлог-законот за лустрација, треба да го имаме предвид и овој многу важен момент.

Република Македонија се наоѓа пред своевиден демократски испит на зрелоста. Многумина сметаат дека овој е вистински момент за покажување целосна политичка волја и висок степен на политичка култура во заокружувањето на процесот на декомунизација. Декодирањето на тајните шифри од минатото, ќе ни открие нешто што можеби нема да не направат посреќни, поспокојни и послободни, но една од целите е да не направат посамостојни, поодредени, попретпазливи и попрепознатливи во откривањето на слободите и правата на западноевропската традиција, за која афирмативно се залагаме сите.

Повозрасните политичари веројатно, ќе научат уште нешто за историјата, кои и сами во одреден дел ја креирале, или и служеле. Помладите политиари веројатно ќе разберат што им се случувало, а за тоа да не бидат потполно свесни. Многубројни семејства ќе разберат нешто за страдањата на своите најблиски неистомисленици на тогашниот режим. Некои од нив можеби ќе доживеат и потполна статисфакција во една антиципирана ревизија на многубројните судси монтировки, преки удови, интерни партиски чистки, со кои преку ноќ летале глави. Многу писатели, уметници, лекари, архитекти, офицери, новинари и многу обичен едноставен свет ќе разбере зошто толку многу тешко им одело во градењето на нивната кариера и во животот воопшто. Како тоа понеспособните и помалку стручните и неталентираните подобро се снаоѓале во општеството. Многу млади родени после 80-тите години, можеби нема да разберат ништо од маките што со сопственото минато што ги имаат повозрасните, но ќе речат дајте, организирајте се, поврзете се барем регионално по трагањето по тајните југословенски служби, бидејќи вака поединечно никогаш нема да ги отворите во целост тајните депоа во кои се крие

дел од нашите вистини по кои трагаме и со закнот за лустрација. Законот за лустрација може да не оправда и пред минатите поколенија, само ако им дадеме вистинска и зрела насока на процесот на лустрација, кој планираме да го започнеме за процесно очистување и заздравување на општеството во кое нема да дозволиме лошите искуства од минатото никогаш повеќе да не се повторат.

Во прилог на ова е и мојата поддршка на овој Предлог-закон.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Еве само накратко слушајќи го пратеникот Шутаров Васко, мислам дека тој отвори едно прашање на кое не му обративме доволно внимание, а тоа е прегледот за важење на овој закон, односно 1944 година до стапување во сила на овој закон. Тоа значи дека и покрај тоа што 1998 година формално престанаа да се водат полициските досиеја и покрај тоа што се донесе Закон за отворање на полицисите досиеја од 2000-та година дека и натаму има политички полициски досиеја, значи за идеолошките противници и натаму се водат такви досиеја. И натаму постојат реални или законски основи за соработка со органите на службата за безбедност, на службата за разузнавање, за контраразузнавање и тн. и дека тие сега можат да бидат лустрирани ако соработувале, но мислам дека изостанува одговорноста на оние што дозволувале да се воспостави таква соработка или да се бараат и да се полнат нови досиеја за нови граѓани.

Треба многу претпазливо целата оваа работа да ја согледаме, со цел како што рече и Шутаров да направиме уште поголем грев, сакајќи да исправиме одредени неправди, да донесеме неправди на други граѓани. Што е најважно ако сакаме да зборуваме дали службите за контраразузнавање треба да бидат ефикасни, нивната работа почива меѓу другото, и врз основа на соработничка мрежа. Информаци црпат на тој начин. Ако сакаме да забраниме соработка, тоа треба јавно да го кажеме. Јасно е и во законот. Дали понатаму ќе може Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, военто разузнавање, ќе можат да ангажираат соработници и дали тој што ќе потпише акт за соработка значи дека може некогаш за тоа и да одговара повторно. Бидејќи многу тешко можат да се издвојат информациите од еден соработник, кои што биле во интерес на државата и оние кои биле насочени за дескредитација на некој што бил идеолошки противник на оние што биле на власт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, имам чест за овој закон што е од големо значење во Република Македонија за кој имаме среќа на крајот да се донесе. И од оваа говорница можам да му честитам на предлагачот на законот и тие кои го поддржуваат и го потпишаа овој закон, значи, сите заеднички без партиски поделби, без верски и национални поделби сме сите заедно овде да донесеме еден закон кој закон цели децении уништуваше цели семејства, почнувајќи од 2 август 1944 до без да заврши Втората светска војна до денешен ден. Многу добро знаеме дека уште од 90-тите години, кога падна комунизмот како општествен систем во светот, а посебно во Југоисточна Европа и Русија, овој закон почнува да се носи на редовен начин во сите држави од Југоисточна Европа, кои денес се и членки на Европската унија. Ова значи дека уште од 1945 година до 1990 година доминираше еден тоталитарен систем, комунистички систем, кој имаше падови и амплитуди во разни периоди зависно какви биле општествените однсои, националните, меѓунационалните и меѓуконфесионалните односи. Од овој аспект и мојата нација, значи Албанците во поранешна Југославија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, уште од 1944 година, 1945, имале една голема голгота на прогони, уништувања, убиства, депотации, а што е уште полошо сите овие работи од 1948 до 1956 година почнува еден период на трогнувањето на албанската нација во Југославија која се принудува да ги напушти своите огништа и да отпатува за Турција, или кон блискиот Исток, или далечниот Исток. Од овој аспект треба да го спомнам времето веднаш по Втората светска војна кога сите противници на комунизмот се нарекоа балисти кај Албанците, додека кај Македонците се нарекоа комити. Затоа што комитите се бореа за една Македонија, за македонска нација, додека Албанците кои ги нарекоа балисти се бореа за нацијата и албанското ткиво за да го воведеме напред. Од еден аспект, овие две групации имаа една заедничка цел, доминирањето на десницата и демократијата уште од тоа време, но за жал, под превезот на борбата на нацизмот се справија и со комитите и со многу семејства кои тогаш се уништени, депортирани, напуштени во Туција, каде што го изгубија и својот национален идентитет.

Ова се случува посебно 1956 година кога Ранковиќ почна да ги уништува како внатре така и надвор сите албанци. Ова продолжува до 1974 година кога се носеше Новиот Устав на Југославија и кога на еден начин Косово станува еден етнитет на поранешна Југославија и со ова добива форми на една државотворност, не така напредна, но колку - толку на една тогашна самоуправа. Сето ова под влијанието на братството и единството во поранешна Југославија.

Но, идентитетот и интеграцијата во Косово доаѓаше и овде, се прелеваше и во Македонија почнувајќи од 1968 година кога првите учители, првите дејци, првите новинари беа тие кои беа противници на комунистичката идеологија вршеа демонстрации на организиран начин искажувајќи

го својот национален идентитет. Сите тие се затворија и и ден денес нивните семејства имаат последици од овие апсења. За среќа 1990 година почна да навлегува демократијата во овие места, но за жал во Македонија не се донесе ваков закон. Во Македонија се инсталира повторно една трансформирана власта, наводно неодемократска. Во суштина тие беа неокомунисти само ја променија формата на нивното дејствување. Немојте лошо да ме разберете, нема да споменувам партии, но ќе ја спомнам комунистичката идеологија која и ден денес настојува да дејствува во нашево подрачје. Зошто го велам ова?

Од 1990 година до 1998 година кога сите држави околу нас демократизираа, почна да навлегува демократскиот дух, почнаа да дејствуваат вредностите на слободниот пазар, на слободните идеи, а овде сеуште имаше борба против вештерки. Тие вештерки запреа 1998 година кога дојде на власт ДПА и ВМРО. Почнавме да изготвуваме закон, но за жал дојде 2001 година и овој закон се спречи да дејствува затоа што се спречи да дејствува и демократијата во тоа време.

Се воведе еден конфликт од кој иако албанскиот народ до тоа време имаше многу жртви, многу затворени, многу интернирани, прогонети, депортирани, сега во 2001 година кога светските демократии се развиваат на високо ниво ние имавме нови жртви меѓу нашето население во Македонија. За мене непотребни жртви. Непотребни затоа што идеолошката доминација, политичката доминација, неправната доминација одеше кон лошото, кон злото кое донесе последици кои и ден денес ги чувствуваме. Многу семејства во име на демократијата, во име на лажниот патриотизам се исцрпија во клучните делови на семејството давајќи ги нивните чеда. Се исцрпеа материјално, се излажаа на еден начин за да го дадат сето тоа што требаше да го дадат за националното албанско прашање. Верувам и за националното македонско прашање кое и ден денес не е решено имајќи ги во предвид сите консталации околу нас и сите дејствувања против Македонија, сите движења кои се внатре во Македонија и околу нас, сега во едно време кога треба да се реши косовското прашање ние не сме свесни со што играме.

Ќе ми дозволите да ви кажам едно минато на жртвите и личностите кои дојдоа до тоа што го кажав досега. За жал прв беше Сталин во Русија и сите структури на сите комунистички држави во планинските села во македонските и албанските територии, со шумочуварите кои беа соработници на државната безбедност, затоа што населението беше необразувано, народот политички беше неиздигнат, образованието беше на ниско ниво. Од оџите за жал, ќе ми извинат тие кои биле добри, донесени од Русија што правеа? Истото го правеа и свештениците, поповите. Оџите велеа немојте да ги носите децата на училиште бидејќи ќе станат христијани. Поповите го употребуваа исламот за да прават стагнација на образовниот развој на Албанците во Македонија. За жал, овде дејствуваа и неколку учители, неколку квази интелектуалци, неколку така наречени новинари кои и ден денес се трудат повторно да се инфилтрираат во власта, се трудат да се инфилтрираат на раководни позиции во Македонија. Ние знаеме, ги познаваме многу добро, тие имаат име и презиме. Се знае кога дејствувале овие лица, се знае каков имот имаат овие лица. Да не ме разберете лошо вие Македонците, но тие Албанци кои беа функционери во комунистичкиот сојуз во Македонија имаа големи куќи во Скопје, големи куќи во Тетово, викенд куќи на Попова Шапка, викенд куќички во Маврово, на Охридско Езеро, Ресен и други места. Тие имаат име и презиме, но за жал кога се среќаваат со други албански деца кои доаѓаат од селата, добри национални студенти тие говореа со нив Македонски. Денес тие се трудат да станат најголеми патриоти. Овој закон ќе им рече не на тие лица. Овој закон ќе им ја искаже сета вистина, но за жал овој закон нема да постапи како што тие постапувале за да ликвидираат. Овој закон значи не, вие нема да раководите. Вие ќе работите, 5 години овој закон ќе се применува, 5 години ќе видиме кој бил добар цимер или кој на кого бил шпион каде лекарот го шпионирал пациентот, каде пациентот го шпионирал својот лекар, оџата ги шпионирал верниците, каде селскиот поглавар ги шпиунирал своите селани, каде селаните го шпионирале својот поглавар на своето село. Значи, комунистичкиот систем ја достигна својата цел да внесе една голема недоверба, еден дефектизам кој стана мода, кој уништи семејства и подели луѓе од своите огништа. За жал овие структури на кодоши почнаа да постапуваат од 1974 година и во надворешните држави, низ Европа. Тогаш кога овие народи, како Албанците и Македонците, како Србите, Хрватите, Словенците, Унгарците излегоа надвор од државата Југославија за да обезбедат корка леб. Државната безбедност се инсталира и таму и тоа на големо. Дури, освен што се инсталираа таму станаа и поспособни за дејствување од причина што ги принудија нашите иселеници на запад со стравот на национализмот и албанскиот иредентизам со кој ги обвинуваа да даваат големи пари и тие кои не даваа пари ги ликвидираа. Ги ликвидираа и надвор од државата, ги ликвидираа и нивните семејства. Тие, кои денес се виновници за овие работи треба да признаат како мажи, да му кажат на народот во Македонија извинете и ова нивно извинување ќе биде единствената постапка што треба да ја направат.

Ова не значи дека врз нив ќе се преземат мерки бидејќи законот вакви работи не предвидува. Но, дали има поголема казнена мерка кога еден народ ќе разбере кој е во неговите редови човек кој го шпионирал својот народ. Верувам дека ова е најголемиот суд, најголемото предавство. Значи, тие нема да можат со генерации да го избришат овој срам, бидејќи не се виновни нивните деца, не се виновни нивните внуци, не се виновни синови и ќерки што нивниот дедо, татко

или мајка бил шпиун или кодош. Не сакам лошо да ме разберат новите генерации, но постарите треба да ја кажат вистината. На крајот нека бидат мажи и нека ја кажат вистината. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот господин Панче Дамевски. Повелете.

**Панче Дамевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Навистина ми е задоволство што денеска на дневен ред го имаме овој закон и јас накратко ќе образложам зошто го поддржувам овој закон.

Зборот лустрација во речникот на старите римјани дошол од грчкиот јазик и значи морално чистење на духот, чистење од гревовите. Кај нас лустрацијата треба да претставува чистење од сите оние кои му служеле на комунистичкиот режим.

Тоталитарниот комунистички режим кој владееше во средна и источна Европа во минатиот век беа синоним за масовно кршење на човековите права и во тој поглед незначително се разликуваа еден од друг. Во тие кршења на човековите права ги вклучуваме поединечните и групните убиства, депортациите, мачењата, присилната работа и разни други облици на физички и психижки терор. Во сите овие земји имаше повреда на слобода на мислата и врзувањето и недостаток на политички плурализам. Затоа лустрацијата претставува процес на преобразба на сите тие држави настанати со распадот на комунизмот. Да се потсетиме дека Европскиот парламент даде пример во кој правец треба да се движат овие земји осудувајќи го тоталитарниот комунистички режим со две свои резолуции. Резолуцијата 1096 за отстранување на наследството на поранешниот комунистички тоталитарен систем усвоена 1996 година и Резолуцијата 1481 за меѓународна осуда на злосторствата на тоталитарните комунистички режими усвоена 25.01.2006 година, која за жал не б еше поддржана од нашите претставници.

Македонија спаѓа во оние малубројни земји каде лустрацијата доаѓа дури сега. Да се потсетиме дека Чешка го донесе овој закон уште 1991 година, а досега е донесен скоро во сите други пост комунистички земји со што на сите лица кои учествувале во работата или било како соработувале со тајните служби на комунистичкиот режим се тргнати од јавниот живот. Денес кој знае уште колку лица се во јавниот живот во Македонија, а кои во минатиот систем работеле или соработувале со тајните служби, лица кои се одговорни за многу трагедии. По мое убедување кај нас досега немаше лустрација затоа што голем број од тие луѓе се уште политички делуваат во одредени партии, во некои повеќе, во некои помалку и голема вина за нашата болна транзиција и економски колапс има и во тоа што овие структури се уште се длабоко вкоренети во јавниот живот во Македонија. Затоа потребата од донесувањето на овој закон е неопходна.

Спроведувањето на лустрацијата кај нас е неизбежен процес кој на многумина нема да им биде мил, но соочувањето со вистината колку и да е тешко е нивна и наша заедничка стварност, бидејќи досегашното не спроведување на лустрацијата односно неотстранувањето од политичкиот живот на слугите на комунистичкиот режим и на припадниците на поранешните тајни служби како главни спроводители на сторените злосторства во минатиот систем, за последица ја имаата се уште поприлично неразвиената свест на македонската јавност за слабиот карактер на тоталитарниот режим и злосторствата направени од нивна страна. Меѓутоа, навистина никогаш не е касно и доцна за спроведување на овој закон, бидејќи според мене првобитна цел на овој закон треба да претставуваат неправдите направени во минатото да не се повторуваат во иднината. Значи, предуслов и прв чекор за потполно оздравување и за почеток на озбилни промени во целокупниот живот во Македонија е законот за лустрација со кој конечно ќе се отстранат од сите клучни места истакнати кадри на поранешиот комунистички режим. Затоа јас уште еднаш кажувам дека ќе го поддржам овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Илија Димовски. Повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Ми претставува задоволство што конечно на дневен ред дојде законот за лустрација, закон кој што доцни 15 години во Република Македонија. Значи пред да дискутирам би сакал во интерес на јавноста да ги прецизираме работите.

Ние носиме закон за утврдување на дополнителен услов за вршење на јавна функција, попознато како термин во сите пост комунистички земји како закон за лустрација. Почетокот со ваквите процеси во Централна и Источна Европа започнува од Чешка 1991 година со закон кој што претставува рол модел односно пример како треба да функционира лустрацијата во најпозитивно светло. Во наредните 15 години се донесени закони за лустрација скоро во сите држави во Централна и Источна Европа. Донесени се во Полска, Бугарија, Унгарија, Литванија, Романија, Албанија, Латвија, Естонија, Русија итн, итн. Дури ваков закон е донесен и во Република Србија односно СРЈ, со тоа што начинот на кој биле дефинирани одредбите во законите и постапките кои биле утврдени ги разликуваат овие закони од помеки до потврди. Значи, најчество во земјите од Централнан Европа законите биле далеку поцврсти, далеку попрецизни, а во земјите од Јужна Европа односно Југоисточна Европа во принцип имаат малку помеки закони.

Терминот лустрација потекнува од римско време како што кажаа многу колеги, меѓутоа во Централна и Југоисточна Европа овој термин како синоним се користи терминот декомунизација. Тоа

е апсолутно точно позиционирано во многу литератури кои што ја разработуваат проблематиката на комунистичкиот период. Тоа би значело во политичка смисла отстранување на целото политичко наследство од комунистичкиот период. Значи, комунистичко наследство кое што штетно влијае во демократскиот развој на земјите фомирани по комунистичкиот период.

Мене искрено ме радува тоа што повеќе од 80 пратеници односно прецизно 89 пратеници го поддржаа Предлогот за донесување на закон за вршење на дополнителен услов и тоа од сите политички партии. Јас би бил задоволен ако ваквата сеопшта поддршка од пратениците од Републичкото Собрание ја задржиме и во втората фаза кога во пракса ќе треба да го донесеме законот, после која што фаза и ќе стапи на сила.

Искрено се надевам дека таквата поддршка нема да изостане и во втората фаза од страна на сите пратенички групи во Собранието на Република Македонија. Со овој закон се предвидува расчистување со наследството во период од 2 август 1944 година, па со до денот на донесување на законот за утврдување дополнителен услов за вршење на јавна функција. Иако овој период изгледа предолг, памтењето во Република Македонија е сеуште присутно од првите моменти односно од тој 2 август 1944 година па се до денес. Граѓаните на Република Македонија добро памтат или слушнале од своите предци што се се случувало во овие 60 години во Македонија. Јас овој период би го поделил на три потпериоди и сметам дека е паметно така да се пристапува.

Првиот потпериод е 2 август 1944 година до 1946 година кога се случува комунистички пуч и преземање на власт од страна на комунистите во Македонија.

Вториот потпериод е од 1946-1990 година, до првите плурални избори, или ако сакате до 1991 година 17 ноември - Денот на носењето на Уставот.

Третиот период е овој период во плурална Република Македонија. Зошто го велам ова?

Република Македонија во своето правно наследство ја има Декларацијата за основните права на човекот од 2 Август 1944 година Декларација донесена на првиот собир на АСНОМ. Во таа Декларација се предвидени многу од оние демократски права што денеска ги имаме во Уставот на Република Македонија. Во правното наследство на Република Македонија од таа Декларација го има правото на демократски избори, го има правото на слобода на изразување, го има правото на припадност, на религиозност, на исповест на религијата, го има правото на сопственост. Сето она што во периодот на комунистичка власт на Република Македонија не се почитувало.

Затоа кажав дека во Република Македонија 2 Август 1944 година е воспоставена демократска држава која, за жал, срушена е 1946 година со пуч. Од 1946 година, па до 90-тите години имаме огромни политички гонења во Република Македонија по разно разни основи, заедничко на сите е тоа што сите кои биле неподржувачи на комунистичката власт биле класифицирани во разно разни групации. Претходниот дискутант д-р. Рамадани се обиде да направи едно виножито од балисти, па до Ванчо михајловисти, иманентно е тоа дека сите кои не го подржувале комунистичкиот период се нашле во некоја класификација дали по нивна или не по нивна вина, дали под нивен субјективен избор или напротив се наоѓаат во одредена класификација.

Во овој период имаме масовна идеологизација на општеството, масовно исфрлање на религијата и основните морални вредности и традиции на нашите народи кои катастрофално влијаеле врз општествената состојба во Република Македонија и чии последици јас лично сметам дека ги чувствуваме и денес. Значи, исфрлувањето на религијата и основните морални вредности и традиции на општеството, огромни процеси на национализација на имотот спротивно на одредбите од Декларацијата за основните права на човекот од АСНОМ, масовни ликвидации, како оние ликвидации во Велес, Куманово, Штип, Скопското Кале и т.н. Тоа е период што се случува веднаш по 1946 година и чии фрустрации, последици и паметења, како сакате кажете ги од најтешкиот до најмекиот збор до ден денеска се чувствуваат и се паметат во македонското општество. Тие фрустрации до ден денеска се присутни и во граѓаните Македонци и во граѓаните Албанци и во граѓаните Турци и т.н. Ние мораме да раскрстиме со тоа наследство за да продолжиме да ја градиме државата заеднички за да продолжиме да ја градиме државата во насока на демократизација и европеизација на македонското општество.

Во нашето општество нема граѓани кои се непријатели. Меѓутоа, во општеството градено до 1990 година иманентно било да се позиционираат непријатели за да постои и за да опстои комунистичкиот систем во Република Македонија. Начинот на опстојување го диктирал тоа. Затоа сметам дека овој закон ќе успее малку од малку да ги исправи неправдите. Со овој закон нема да се направи неправда никому.

Нема да се наштети никому. Со овој закон ќе се исправат неправдите нанесени на стотина, двеста, триста илјади граѓани во оваа држава, почнувајќи од 1946 година завршувајќи до ден денеска.

Исто така интересен период за опсервација, разговарајќи за овој закон, е периодот од 1990 година до денеска. За жал, во македонското општество сеуште се активни одредени остатоци од тие тајни центри на моќ, од тие тајни служби кои се злоупотребуваат во овој период за политички и за бизнис интереси на одредени олигархиски центри во Република Македонија.

За да го ослободиме општеството, за да ги ослободиме стегите, ние мора да овозможиме сите луѓе кои извршуваат јавна функција да не бидат оптоварени со одредено свое наследство

било од објективни или од субјективни причини кои го поседуваат. Ние мораме да овозможиме луѓето кои ќе бидат пратеници, луѓето кои ќе бидат судии, луѓето кои ќе бидат јавни обвинители, луѓето кои ќе бидат советници во локалната самоуправа, градоначалници и т.н. да не влечат никакво наследство, да не му бидат должни на никој ништо, на никој таен центар во Република Македонија кој може да ги злоупотреби и да ги насочи исклучиво во свои лични или интереси на групата насочени кон политичкиот интерес или во одредени случаеви и бизнис интересот. Дека нема да направиме погрешка, дека нема да згрешиме со донесување на овој закон, битно е да се спомнат и двете резолуции на Советот на Европа, Резолуцијата под број 1096 и Резолуцијата под број 1481. Со овие резолуции Советот на Европа бара од земјите кои потекнуваат од поранешниот комунистички режим да раскрстат со комунистичкото наследство во политичките елити во своите општества.

Колку и да ни пречи ова, колку и да ни пречи што го кажуваме, јас сметам дека е битно за Република Македонија конечно да се дефинира кој нанесол штета кој не нанесол штета. Тоа на крајот на краиштата е од интерес за сите поради тоа што и ако има луѓе во Република Македонија спрема кои неправедно се наметнува одредено тврдење вакво или онаков, по донесување на овој закон и после постапките на комисијата која треба да се оформи со овој закон ќе биде многу прецизно и многу јасно.

Јас со внимание го разгледував текстот кој е понуден, сметам дека е многу сериозно изработен и дека ги базира токму основните, меѓутоа, и позитивните искуства од повеќе држави од Централна и Источна Европа.

Би апелирал во делот на набројување во членот 4 каде се набројуваат функциите за кои ќе биде неопходно да се утврди овој дополнителен услов да бидат прецизно набројани и да бидат дефинирани одредени други сегменти кои припаѓаат или земаат плата од државата, кои се во рамките на државата како Совет за радиодифузија, ректори на државни универзитети, декани на државни универзитети, сметам дека и во таа смисла треба да се размисли и да се насочи овој закон.

На крајот, за да не должам повеќе, уште еднаш би изразил благодарност до тоа што повеќе од 80 пратеници го подржуваат овој закон и би изразил надеж дека и во втората фаза оваа општа подршка која ја има законот ќе ја добие. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници,

Уште на почетокот ќе се изјаснам за донесувањето на овој закон. Ќе почнам со мојата дискусија со поимот лустрација кој потекнува од латинскиот збор луструм, кој во превод или во толкување на албански јазик значи чистење на поединецот кој е загаден со некое криминално дејство.

Почитувани пратеници, се јавувам за дискусија и како потписник, меѓутоа, и како еден од пратениците кој е непосредно засегнат со настаните и периодите од минатиот систем и дел од остатоците на тој систем сеуште продолжуваат до ден денес да бидат на клучните места во државата.

Овој Предлог закон кој го обработува периодот од 1944 година до денешен ден, мислам дека ќе расчисти некои дилеми, некои темни моменти од историјата во текот на овој период, период кога албанскиот народ во целост и во поранешна Југославија, меѓутоа и тука во Македонија поминал низ незаконски перипетии.

Јас имам желба како еден од прогонетите кој страдал во тоталитарниот систем од прогонувањето на тајните служби и другите структури на државата да се направи на транспарентен, јавен начин без девијации предлогот за практично спроведување на овој закон.

Исто така јас лично доаѓам од семејство кое во 50-тите години од минатиот век заедно со други семејства во Велешта и во Струга со фамозните интернирања во тоа време се вршеа невидени малтретирања и затворање на сите глави од семејствата, а паралелно со тоа и конфискување на имотот и сето живо што го имаме заради неприфаќање на реформите на колективизацијата од тоа време. Добар дел од нашите луѓе и од околината беа затворани, беа осудени на тежок затвор и тие затвори ги издржаа на Голи Оток и Идризово. Лично сум на мислење дека овој закон кога ќе стапи на сила сепак да се почитуваат и правата на човекот, да биде поуспешен отколку Законот од 2000 година кога се направи отворањето на досиејата.

За да бидеме во тренд со развиените земји кои од поодамна ги расчистиле работите во овој контекст Македонија како држава треба да биде внимателна за да расчисти некои дилеми кои не поврзуваат со минатото.

Не може да биде висок функционер на државата или на институцијата лице кое во текот на определен период бил соработник свесно на структурите за безбедност или на органите за контраразузнавање. Не може да биде пратеник, министер или нешто друго лице кое во текот на овој период значи од 2 Август 1944 година до сега бил директен учесник на криминал или настојување за морално нарушување на семејството или на поединецот.

Членот 12 од Предлог законот за лустрација предвидува комисија која ќе врши верификација на фактите и оваа комисија треба да дејствува независно, самостојно и на професионален начин да ја врши својата задача или обврска. За мене лично претставува дилема само членот 17 од Предлог законот кој ми се чини дека не е на соодветна релација и изготвен како треба. Ќе цитирам: “член на оваа комисија не може да биде

лице кое е член на некој партиски орган" за што се согласувам, меѓутоа, не е во ред да не се ограничува кое лице, осудено лице со полноправна осуда до 6 месеци нема право да биде член на оваа комисија.

Некои држави во транзиција имаат донесено закон за лустрација меѓу кои Албанија, Полска, Србија, Чешка, Словачка и Унгарија. Меѓутоа, во сите овие држави имало определени пробелми што се однесува до јавноста, транспарентноста и начинот како влијаел овој закон врз политиките на државите поединечно.

Заради времето нема да дадам дополнителни објаснувања, меѓутоа, ќе ви кажам само еден пример. Кога се ставил овој закон на сила веднаш по соединувањето на двете Германии, високите функционери на комунистичката партија и соработниците на Штази-тајната германска полиција имале досиеја за 6 милиони граѓани. Значи, повеќе од една третина од граѓаните. Штази имал 85 илјади редовни вработени од кои 30 илјади биле истерани од работа. Штази имал 109 илјади информатори. Како и да е и тука кај нас е правен прогон на разни начини на десетици илјади поединци и семејства кај кои последиците кои ги има оставено тоталитарниот режим се неизлечиви.

Затоа како заклучок би било добро на оваа категорија луѓе кои го преживеаа тоталитарниот систем и тие кои не можеа да преживеат и другите кои се починати поради возраста да не бараат само декларативно извинување, туку да направиме нешто повеќе за нив, затоа што токму тие луѓе се тие кои историјата и развојните трендови ги насочија кон едноумните вредности за напредок и стандарди кои се на релација со времето и со нашите ориентации кон развиена Европа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Имам само едно кратко прашање до мојот почитуван колега, бидејќи рече дека луѓето кои биле соработници до ден денеска се на клучни позиции во државата, а имајќи предвид дека ВМРО-ДПМНЕ и ДПА направи партиска чистка на луѓето кои беа на клучните позиции во државата имаме партиски кадри на клучни позиции во државата. Тој тврди дека и ден денеска соработниците се на клучни позиции во државата, па прашувам кој од нивните членови или кој од членовите на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА биле соработници во смисла на овој закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Ќе се потрудам за една минута да и одговорам на госпоѓицата Славица Грковска.

Меѓутоа, токму овој закон ќе придонесе и ќе разјасни некои дилеми кои биле тие функционери бивши и денешни кои вршат јавни функции во државата и со овој закон да се разјасни во иднина да видиме точно кои соработувале и од денешната власт, ако има некој, а и од бившата власт.

Сигурен сум дека од левата страна ќе има повеќе соработници и луѓе кои припаѓале на тоталитарниот систем.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам.

Почитувани, побарав збор за да ја искажам мојата лична поддршка по однос на Предлогот за носење на закон за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција.

Имајќи го во предвид тоа дека овој закон е во врска со слободите и правата на човекот и граѓаните кои се прифатени со меѓународно право, докажани со Уставот на Република Македонија, мислам дека носењето на овој закон претставува неопходна потреба. Можеби овој закон ќе овозможи зајакнување на правната безбедност на граѓаните и почитување на владеењето на правото како основно начело на една правна држава.

Можеби Република Македонија и граѓаните покажуваат амбиции за членство во евроатланските структури во НАТО и Европската унија, можеби Собранието на Советот на Европа ја донесе Резолуцијата 1481 и направи повик до сите комунистички партии и посткомунистички партии на земјите членки да направат преоценка на историјата и на личното минато. Сега е вистинскиот момент и време на оваа иницијатива на пратениците кои ја презедоа оваа смела иницијатива да дадат во парламентарна постапка закон за носење на законот за лустрација односно дополнителен услов за вршење на јавна функција.

Поаѓајќи од фактот дека Република Македонија беше една од државите со социјалистички режим, имаше луѓе следени, гонети, егзекутирани меѓу кои соодветен број на албанци само затоа што мислеле поинаку. Јасно е да се оградиме од злосторствата и малтретирањата направени од припадниците на комунистичкиот режим и недвосмислено да ги судиме истите, а истовремено да отвориме пат кон европската ориентација.

Многу постсоцијалистички држави се соочија со елементите на застарениот режим и дадоа успешни резултати во развојот на демократијата на демократските институции, владеењето на правото и заштитата на слободите и правата на граѓаните создавајќи услови за брзо вклучување во НАТО и Европската унија.

Кога спомнв дека многу држави го донесоа овој закон, како што се Чешка, Полска, Бугарија, Унгарија, Литванија, Романија, Летонија, Албанија, Србија, Хрватска и многу други држави.

Овој закон и покрај тоа што треба да се донесе бара и правилно имплементирање, бидејќи во

неколку држави што ги спомнав горко е искуството од неимплементирањето на овој закон во пракса.

Со процесот на лустрација или со слични мерки се отстрануваат компромитирачки лица од јавниот живот. Затоа лустрација е одговорност за кршењето на правата на човекот. Така што доколку некој сака да се зафати со политичка кариера преку јавна функција тој треба да подлегне на процесот на верификација, доколку ги прекршил, или не, правата на човекот. Сигурно дека оваа работа е за поздравување затоа што поради разните сознанија, поради традициите и разните искуства во регионот, последните решенија треба да бидат прилагодени на специфичните услови на Република Македонија, во текот на овој 15 годишен период на транзиција, слично на едно општество со посебни карактеристики што се разликува од поранешните држави на комунистичкиот систем. Македонија сеуште е обременета со товарот на социјалната и економската агонија. Затоа овој закон е повеќе од потребен, бидејќи не свртува кон нашата иднина, а не кон нашето минато. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Отворањето на темата за флустрацијата значи соочување со негативното наследство на комунизмот. Отворањето на темата за лустрација подразбира и прифаќање на одговорноста дека во наше име некој спроведувал нехумани односно недемократски постапки кои се во длабока спротивност со сите поширoки и потесни поимања на концептот за заштита на човековите права и слободи и секојдневното остварување на демократијата. Консеквентно, санкционирањето на лицата кои соработувајќи со недемократските власти ги спречувале своите соседи, пријатели, соработници или политички неистомисленици на правото на достоинствен напредок во општеството, за сметка на остварување на своја лична материјална корист и претставува чекор во правец на конечна демократизација на државата.

Почитувана, по својата основна суштина, како што знаеме, лустрацијата подразбира преземање мерки со кои се оневозможува на дел од членовите на владеачката елита од претходната комунистичка власт, повторно општествено ангажирање. Во конкретна смисла оваа дефиниција практично се сведува на две алтернативи:

Прво, забрана одредени лица да стекнат извесни привилегии и положба во еден однапред одреден период кој најчесто се ограничува од 5 до 10 години.

Второ, лишување на некои лица од можноста да ги задржат или да останат на функцијата на која веќе се наоѓаат.

Во некои случаи лустрацијата значи и губење на некои права, како што е правото на пензија. Во некои земји имало обид за забрана на делување на комунистичките партии, па со тоа лустрацијата тежнеела кон тоа да се казнува и поради политички убедувања или припадност кон такви партии.

Почитувани, барањата за кривично или административно казнување и морална осуда на оние кои со години или со децении ги прогонувале политичките противници, или ги ранисувале со цели народи, во име на сочувување на голата власт и удобноста на сопствената положба, или им помагале на диктаторите во тоа, се длабоко морално оправдани и разбирливи.

Покрај неспорната морална оправданост, лустрацијата се заснова и на одредени други разионални причини. Имено, со демократските промени неминовно се наметнува прашањето, може ли институциите на власта и јавните служби да ги задржат и истите луѓе кои му служеле на стариот режим и кои во помала или поголема мера биле одговорни за репресија со која стариот режим се одржувал на власт.

Јавноста со полно право ќе биде скептична и нема да верува во институциите на системот доколку во нејзините канцеларии седат истите службеници кои ја движеле машинеријата на стариот репресивен апарат. Така на пример во повоена Германија се случувало жртвите на нацизмот, при барање на оштета да се најдат пред истите судии кои неколку години порано ги пратиле во логори или во затвори.

Како нагласен дел на репресивниот систем, судството во комунистичкиот и друг тоталитаристички режим редовно се претворало во послушник на политичката власт и широко применувало репресивна политика, а таквите судови и судии ги знаеме од сопственото непосредно минато.

Полицајците и припадниците на државната безбедност пак, кои до вчера ги тепаа граѓаните и ги шпиунираа во одбрана на стариот режим, сега треба да одржуваат ред и поредок кој ги негува демократските вредности. Може ли да се изменат преку ноќ истите овие поединци, така што на пример ќе дадат изјава на верност, на новите старешини или ќе ги променат униформите и симболите. Дали тоа значи дека старата гарда е недопирлива и дека поранешните комунистички друштва имаат судбина, оние кои ги бенифицирале, од стариот режим, повторно да ги предводат.

Почитувани, ова се мотивите на кои се заснова идејата за неоходност од прочистување на институциите на власта и јавните служби од припадниците на елитата, корисниците на бенифиции и припадниците на стариот режим. Сепак со право се поставува прашањето. Од каде треба да тргнеме при доследно спроведување на лустрацијата кај нас.

Според мене, прво како извесен правен минимум треба да се испочиуттуваат меѓународните стандарди за човековите права. Значењето на таквите права во денешно време е многу

нагласено и тие се утврдени и се гарантирани со цела низа на меѓународни документи, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, Конвенцијата број 111, против дискриминација во вработувањето и изборот на професијата, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како соодветните документи на Организацијата за Европска безбедност и соработка.

Второ, лустрацијата треба да се заснова исклучиво на индивидуална, а не на колективна база.

Трето, оние кои во вршењето на своите функции во јавните служби си дозволиле себеси да ја изневерат довербата на своите избирачи и сограѓани се огрешиле во моралните норми и во демократијата. Можеби затоа заслужуваат да им бидат ускратени правата повторно да бидат ангажирани за истиот вид на работа. Демократијата мора да се брани и од диктаторите и од нивните помошници, а тоа легитимно барање, секако треба да биде во согласност со она што самата демократија го заговара и на што почиваат идеите за неа.

Почитувани пратеници, потребата од доследно спроведување на лустрацијата е неопходно за Република Македонија. Доследноста пак значи посветеност која ќе оневозможи одредени поединци повторно да го изиграат системот и државата и да ги зачуваат привилегиите кои ги стекнале на недозволен и недомкратски начин. Меѓутоа, од друга страна тоа значи и прецизност дека на столбот на срамот ќе се најдат само оние кои навистина се токму тоа, кодоши, доушници или соработници.

На крајот би сакал да кажам, сметам дека во следната фаза треба да се води сметка за пет суштински искуствени заклучоци:

Прво, досиејата на тајните служби каде се наоѓаат имињата на дооушниците би требало строго и редовно да се контролираат.

Второ, потребно е континуирано и систематски да се вклучуваат експерти и соодветни институции при спроведувањето на соодветниот закон и процедурите кои произлегуваат од него.

Трето, непосредно по усвојувањето на законот за дополнителен услов за вршење на јавна функција, личностите кои во моментот заземаат значајни јавни функции треба да се подложат на проверка.

Четврто, кандидатите, пак, за значајни функции, исто така мора да поминат на проверка.

Петто, процесите на истрага би требало да ги спроведува независна комисија составена од признати експерти.

Шесто, главен критериум за определување на личностите на кои се однесуваат процесите на проверка, не треба претходно да имаат заземено високи позиции во државната или странската хиерархија, туку конкретно да биле инволвирани во кршењето на човековите права.

Оттаму, на темелот на овие аргументи и искуствени податоци, изјавувам дека ќе гласам во прилог на усвојувањето на Предлогот на законот за дополнителен услов за вршење на јавна функција.

**Иван Анастасовски:** Благодарам,

Има збор пратеникот Веле Митановски, но тој не е присутен во салата.

Пратеникот Валентина Божиновска е следна за дискусија, но и таа не е присутна во салата.

Пратеникот Никола Поповски не е присутен во салата.

Пратеникот Цветанка Иванова не е присутна во салата.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска не е присутна во салата.

Има збор пратеникот Петар Поп- Арсов.

**Петар Поп-Арсов:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван господин Андов, најпрвин сакам да изразам свои честитки за овој ваш потег кој го повлековте и со што овде пред нас го имаме овој закон, популарно наречен закон за лустрација, кој како што беше истакнато и како што знаеме, голем број пратеници од голем број пратенички групи го поддржаа и дискутираме по истиот.

Би сакал да го повторам својот став што со ставање на потписот за овој предлог, го искажав, а тоа е дека го поддржувам овој Предлог на закон во целост и сметам дека крајно време беше овој проект дефинитивно да се стави на разгледување овде во македонското Собрание и Република Македонија да биде дел од оние земји кои го разгледале и го поминале ова прашање.

Во оваа моја кратка дискусија би сакал да дадам некои свои одговори на неколку прашања, а тоа е што е лустрација, дали е потребна лустрацијата, зошто е потребна и како да се спроведе лустрацијата.

Беа искажани повеќе видувања, повеќе дефиниции. Навистина има многу дефиниции по ова прашање што всушност претставува лустрацијата и можеби една дефиниција која на некој начин сублимира повеќе дефиниции, а би гласала, лустрацијата е етичка категорија и се однесува на утврдување на одговорноста на поединци за поддршката на репресивната политика на некој режим. Таа ниту подразбира ниту пак исклучува други облици на одговорност.

Поимот лустрација се има појавено уште во стариот Рим, како што веќе беше истакнато од некои колеги пратеници, како церемонија односно чин за очистување од некакво зло. Токму како таков чин и јас го поимам односно и јас го сваќам овој процес, како чин за прочистување на сите владини и јавни служби од членовите на елитите, корисници на бенифиции на власта, како соработници на државните безбедносни служби,

тајни полиции, како во периодот од АСНОМ до 1990 година, така и по 1990 година.

Лустрацијата всушност претставува и може да се сфати како кривично или административно казнување. Меѓутоа, може да се сфати и како морална осуда на сите оние кои со години или децении ги прогонувале политичките противници, а се во име на сочувување на голата власт и удобноста на сопствената положба, за веќе спомнатиот период од АСНОМ до 1990 и по 1990 година.

Во јавноста се поставуваше прашањето дали е потребен ваков закон односно дали е потребно спроведување на лустрацијата во Република Македонија.

Лично сметам дека е потребно спроведување на ваквиот проект до крај. Крајно време е, иако може да се каже дека е и доцна, меѓутоа сепак подобро е подоцна одколку никогаш, да се спроведе овој процес.

Лустрацијата е спроведена во поголем број земји, како по втората светска војна, така и во посткомунистичкие земји. Иако ваквиот процес е спроведен во поголем број земји, не постои единствен модел за процедурите на лустрацијата што би можел да се преслика кај нас и кој би гарантирал висок степен на квалитетно спроведување на овој процес. Токму затоа многу важна и значајна е големата политичка поддршка што ја има овој проект овде во Парламентот, претставена преку потписите на голем број пратеници од голем број политички партии, што претставува едно ретко забележано единство во досегашното плуралистичко живеење во Република Македонија, особено кога се однесува за вака суптилно и невралгично прашање. Затоа потребно е да се опстои на овој курс и проектот да се истурка до крај. И покрај одредени потешкотии и секако во демократијата, сосема легитимни и дозволени спротивставени мислења и ставови изнесени од поединци, групи, здруженија итн. Значи, без разлика што ние овде во Собранието на Република Македонија на некој начин и консензуално веќе даваме поддршка на овој проект, сосема се легитимни и треба да се почитуваат разните негативни ставови по ова прашање затоа што јас верувам дека тие ставови имаат за цел да обрнат внимание на евентуалните аномалии кои би се јавиле во текот на спроведувањето на овој процес.

Зошто е потребно да се реализира овој проект кај нас во Република Македонија?

Ако направиме аналогија со земјите каде е спроведена лустрацијата. На пример по Втората светска војна е спроведена во Германија, Италија и Франција и во периодот токму по Втората светса војна, овие земји беа водечките земји во својот развој, индустриски, економски итн.

Исто така, ако направиме една аналогна споредба со земјите како што се Полска, Литванија, Бугарија, Романија, Албанија и некои други, од многу блиска временска дистанца можеме да увидиме дека овие земји или веќе се во Европската Унија, или се многу блиску односно имаат голем напредок во однос на тоа како беа до пред неколку години или пред една деценија. Затоа е многу важно, правејќи ја оваа аналогија самите да извлечеме заклучок зошто е потребна лустрацијата и во Република Македонија.

Како најважно прашањето е како да се спроведе односно на кој начин во пракса да се спроведе овој проект.

Текстот на Предлогот на законот го имаме, го имаме прочитано. Значи ова е првата фаза во која ние го разгледуваме и дискутираме и се надевам дека во процесот на јавната расправа што ќе се одвива, доколку има одреднеи недостатоци тие ќе бидат надополнети и ќе имаме квалитетен текст пред нас кога ќе треба дефинитивно да го донесеме овој закон.

Во текстот се опфатени повеќе сегменти кои се многу важни, осовбено во членот 2 многу е битно да се истакен дека прецизно се утврдува временската димензија на која ќе се однесува овој закон. Јас во потполност се согласувам дека овој закон не треба да се однесува само на периодот од 1944 односно од АСНОМ па до 1990 година, туку е опфатен и периодот од 1990 година па до денот на влегување во сила на овој закон.

Значи, ако е сватливо, во време на еднопартиски систем или еднопартиски режим постоеле вакви случаи, значи луѓе кои се занимаваат со кодошење, сосема несфатливо е, во услови на плурализам, во услови на демократија, сеуште да функционира еден таков систем, сеуште да функционира една таква мрежа која непречено, скоро легално си ја обавува таа своја дејност.

Во член 4 од текстот на законот се дефинира на кои лица се однесува овој закон и на кои функции. И посебно поглавје на кое треба многу да обрнеме внимание, посебно по донесувањето на законот е поглавјето кое се однесува на Комисијата за верификација на фактите. Значи целото трето поглавје од Предлогот на законот се однесува на оваа Комисија. Сметам дека токму овој дел е најневралгичниот дел на кој особено треба да му обрнеме внимание.

Многу закони во Република Македонија се донесени и имаат своја примена. Некои се почитуваат целосно, некои делумно, некои скоро воопшто не се почитуваат. И токму поучени од оваа пракса треба многу внимателно да пристапиме кон ова прашање и токму особено кон овој ден од законот односно Комисијата која треба да се занимава со спроведување на овој закон.

Комисијата треба да биде составена од луѓе кои што најревсносно, најпрофесионално, недопирливо, ќе го спроведуваат овој закон за да не ни се случи она што можеби е полошо од недонесениот закон, да имаме донесен закон кој се однесува на кодошите, односно закон за лустрација, а тој закон да не доживее вистинска примена во праксата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Ивановски Иван, но не е присутен во салата.

Има збор пратеник госпоѓа Ташева Виолета, но не е присутна во салата.

Има збор пратеник господин Рахиќ Есад, но не е присутен во салата.

Има збор пратеник господин Хасипи Кенан, но не е присутен во салата.

Има збор пратеник Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми денеска почнувајќи го своето обраќање во врска со овој и тоа како значаен проект, кој што е проект на огромен број пратеници во Собранието на Република Македонија, на апсолутно мнозинство на пратениците на Собранието на Република Македонија, да кажам дека денеска ова е и еден свечен момент за ова Собрание.

Моите почитувани колеги, практично сите во своите излагања кажаа што значи лустрација, кажаа зошто е потребно да се донесе ваквиот закон итн. Она што јас сакам да го кажам, а не беше спомнато во досегашните излагања дека во денешново утврдување на потребата за носење на ваков закон, практично во Република Македонија овој состав на Собранието смогна сила конечно да стави крај на едно минато кое што го оценивме како тоталитаристичко кое што го оценивме како репресивно, недемократско итн.

Многу е битно да знаеме што сакаме да постигнеме со овој закон. Значи во она што беше налик на јавна дебата пред овој проект да се дебатира овде она што можевме да го видиме во јавната дебата беше могу често обид за импутирање на намера овој проект да се претвори во лов на вештерки или посочување на опасноста дека овој проект може да се претвори во лов на вештерки итн. Значи, многу е битно уште во оваа фаза, уште во оваа фаза да кажеме експлицитно дека намерата на овој закон не е тоа. Намерата на овој закон не е да биде лов на вештерки, туку напротив намерата на овој закон е да се стави крај на еден период, да стави крај на еден тоталитарен режим и практично да на еден посреден начин да им се извини на семејствата и жртвите за она што тие го претрпеле во текот на тој период. Значи исклучително битно е во опфатот на овој закон кога ќе го добиеме во втора фаза, значи да не се задржи само на луѓето кои вршат јавна функција.

Мој конкретен предлог, веројатно ќе интервенирам во подоцнежната фаза, е овој закон да ги опфаќа и државните службеници односно опфатат на сето ова да биде проширен на сите оние луѓе кои користат државни средства односно средства од Буџетот на Република Македонија. Исклучително битно е затоа што половични решенија во однос на функционерите, мислам дека нема до крај да ја постигнат целта која што сакаме да ја постигнеме со овој закон. Исто така треба да се направи многу јасна дистинкција на тоа што е доушник, што е наредбодавач односно корисник на тие информации, треба да бидат опфатени сите со процесот на прочистување. Исклучително битно е значи да не дозволиме, односно да ја превенираме секоја можност преку овој закон да добиеме ситуација во која што оние кои биле главните наредбодавци, оние кои што биле корисници или биле самиот апарат на репресија практично да бидат недопрени. Исто така мора да предвидеме и во вториот степен, односно двостепеност на одлуките кои што ќе ги донесува Комисијата, заради тоа што има конкретни примери. Некои од почитуваните колеги пратеници  ни ги раскажаа своите, односно нивните семејни потресни приказни во кои што членовите на нивните семејства односно нивните претци, биле приморани на најбрутален начин, значи биле приморани на најбрутален начин да постанат доушници на службите и тоа не да се заштитат себеси, туку своите најблиски кои биле држани во затвор и кон кои имало закани за убиство итн. Значи мора овој закон да го направиме таков што ќе ја погоди целта за која што го носиме. А целта е една и единствена, кажав да рачистиме со она што беше наше тоталитарно минато, прва работа и втора работа да не дозволиме рецедивите од тоа минато односно оние структири кои и ден денеска се инфилтрирани во општеството и во сите јавни функции и  понатаму да бидат, дозволете ми таков израз, кочничари на натамошната демократизација на Република Македонија и особено да бидеме до крај искрени, да бидеме свесни, сигурни дека нивните врски со некои други служби итн, еднаш за секогаш можеби на овој начин ќе бидат прекинати. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Да бидам искрена воопшто не планирав да дискутирам за овој закон се до оној момент додека премиерот не објави кој ќе биде претседател на Комисијата за лустрација.

Мислам дека е прилично загрижувачки и прилично индикативно што на се уште недонесен закон премиерот ни соопштува кој ќе биде претседател на Комисијата за лустрација, ни помалку ни повеќе тоа е директорот на Државниот архив Зоран Тодоровски кој што меѓу другот беше и висок партиски функционер и ја организираше академијата во ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека на тој начин се доби сосема поинаква димензија на законот. Колку и да била добронамерна идејата на предлагачот, ваквиот потег на премиерот ни дава за право да мислиме дека веќе однапред се знае кои ќе бидат членови на Комисијата, дека веќе однапред се знае кои ќе бидат опфатени со овој закон, дури ми дава за право да мислам дека веќе однапред се подготвени листите со имиња и презимиња на луѓе кои ќе бидат опфатени со овој

закон уште пред овој закон да влезе во сила, што е крајно загрижувачки.

Уште повеќе е тоа што ме загрижува во некои најави, во некои интервјуа, во некои изјави премиерот во неколку наврати напомнува дека после усвојувањето на овој закон дека ќе биде јасно зошто некои новинари така се однесувале спрема работењето на оваа Влада, при тоа алудираајќи однапред дека има новинари кои што биле соработници во смисла на овој закон и покрај тоа што, сакам да потенцирам, дека со овој закон новинарите воопшто не се опфатени, туку се опфатени само оние лица кои што се кандидати за носители или носители на јавна функција на државно и локално ниво во јавна дејност и служба.

Се плашам дека дури и оние пратеници кои што се искрени во нивните видувања, дека овој закон не треба да биде лов на вештерки, туку напротив дека треба да ја исполни онаа цел за која што зборуваа денеска, дека и покрај ваквите нивни желби ќе имаме голема злоупотреба на овој закон, дека не можеме да го пренебрегнеме фактот дека ваквиот закон можеби од некого ќе се искористи за етикетирање на одредени личности особено не би ме изненадило, доколку не се употреби за првата наредна кампања, елинимирање на можните кандидати за претседател на Република Македонија, за наредните избори за можни кандидати за градоначалници, советници во локалната самоуправа, а при тоа да нема никаква основа. Значи јас навистина и покрај тоа што реков дека бев сосема индифирентна затоа што не сум никако засегната со решенијата на овој закон, ваквите потези и ваквите изјави на премиерот ме испровоцираа да дискутирам денеска и да укажам на ваквата можна разврска после усвојувањето на овој закон за лустрација. Јас очекувам претставникот на предлагачите со оглед на тоа што и нашите колеги се свесни дека има прилично голем број на пратеници кои што го подржаа овој закон, меѓутоа се надевам господинот Андов кој што го изготвуваше овој предлог дека ќе даде објаснување дали е тоа можно и како, дали законот ќе предвиди заштитни механизми, да се заштитат оние луѓе кои што воопшто не се тангирани со законот, меѓутоа кои ќе се најдат на столбот на срамот само затоа тоа што некој ќе го злоупотреби законот.

Основа за ваквото мислење е и тоа што бевме сведоци на изјавите на господинот Евтим Гашев, кој што во една телевизиска емисија тврдеше дека токму таткото на Зоран Тодоровски бил оној што, практички соработувал со полицијата и, да го употребам тој термин, го кодошел на органите и мислам дека тоа дава друго светло и сосема поинакво светло на предлогот на премиерот за господинот Зоран Тодоровски како претседател на таа Комисија.

Треба да бидеме свесни дека овие стравувања би кажала не се одлики или не би требало да бидат одлика, не се одлики само на Македонија имајќи го предвид фактот дека и сите држави кои што поминаа до сега низ оваа фаза на носење и имплементирање на законот за лустрација имаат вакви примери. И тоа за нив не е непознато. Вие се сеќавате пред извесно време имаше интервју со чешкиот претседател Васлав Хавел, кој после спроведувањето на лустрацијата призна дека не е премногу среќен заради тој процес и дека прилично многу луѓе вклучително и тој настрадале без никаква основа така да треба да бидеме свесни и од опачината на законот за лустрација која што би можела да се случи после неговато изјаснување.

Апелирам до предлагачите да изнајдат механизми за заштита на оние лица кои што не се тангирани со законот, а кои заради едни или други интереси на одредени групи, одредени лица, заради желбата за нивно етикетирање неможејќи за нив да се најде друг изговор зошто не би требало да бидат на одредена функција да се залепи етикетата на соработници или популарно наречени кодоши само да се најде изговор да не бидат избрани за носители на јавна функција. И ние мора како законодавен дом да се соочиме со тој проблем, со реланото постоење на таква можност. Затоа што не постои закон, јас сум во тоа убедена кој што не може да се злоупотреби, меѓутоа злоупотребата по прашањето на овој закон може да биде исто така страшна како што и однесувањето на одредени лица кои што сакаме да го санкционираме со овој закон.

Искуствата во одделни земји кажуваат дека по периодот на тоталитарната власт кај нив се појавила потреба да се спроведе лустрација, вие ќе се согласите дека во оние земји во кои што до сега е во најголемиот дел во земји во кои што е спроведена, тоталитарниот систем бил многу пострашен, многу појак одколку нашиот, меѓутоа мислам дека треба да учиме од нивниот пример не само во начинот на спроведување, меѓутоа и од грешките кои се појавиле во процесот на имплементација на овој закон во тие држави токму во оваа смисла за која што зборував. Она што мислам дека исто така треба точно да се дефинира, јасен критериум за одговорност на личностите кои што ги кршеле човековите права да не бидеме доведени во ситуација да бидат санкционирани оние личности кои работеле за нарачатели, меѓутоа не и нарачателите на таквото однесување.

Во поранешнта Чехословачка Република лустрацијата е спроведена линеарно, во 1991 година е донесен закон со кој на високите, на средните државни воени и партиски функционери им е забрането на одреден период да бидат активни во политичкиот и јавниот живот. Пет години подоцна во Чешка е донесен закон за пристап до документите на тајната полиција, а во 2002 година е проширен опсегот на достапните документи на тајните служби. Според законот листата на соработници на тајните служби била објавени на веб-страниците и се покажало дека списокот не бил целосен туку селектиран.

Сега се прашувам како ќе се заштитиме од селективноста. Кој ќе ни гарантира дека оној

список што ќе го добиеме или оние луѓе кои што ќе бидат санкционирани според овој закон дека не се селектирани, дека не е поголем списокот, кој ќе гарантира и како ќе се заштитиме од можноста на одредини личности кои ќе имаат блиски контакти или блиски релации со Комисијата за лустрација, да издејствуваат да не бидат опфатени со овој закон  и покрај тоа што би требало да бидат опфатени, затоа што сметам дека на тој начин од една крајност ќе отидеме во една сосема друга крајност. Меѓутоа неспорно е, и покрај низата недостатоци во тој период дека во Чешка прилично придонел за обновување на демократијата во оваа земја, меѓутоа ќе се согласите дека ние сме далеку понапред споредувајќи се со терминот со кој што е овој закон донесен во Чешка.

И во Чешка и во Словачка има обиди за политизација на лустрацијата, и јас би сакала да го споделам со моите колеги моето мнение дека ние нема да можеме да бидеме имуни на овој процес. Ние нема да можеме да бидеме имуни и да осуетиме политизација на процесот на лустрација во Македонија. Барем не целосно. Во Словачка се случило група млади прогресивни студенти да успее да дојде до листата на личности кои соработувале со тајната полиција и потоа тоа да го објави во весник. Подоцна се покажало дека многу од нив се погрешни, како на пример имињата на Васлав Хавел и Валенсо. Дали ние би можеле да гарантираме дека со овој закон ќе спречиме протуркање или поттурнување или подметнување на погрешни списоци на лица кои што биле соработници само со цел за нивно етикетирање. И тоа е едно од прашањата кои што би сакала да ми се одговори. Нема држава во која што до сега не е спроведен процесот на лустрација, а која што  не се соочила со ваквите проблеми и со ваквите прашања. А прашање е ние како ќе се избориме со тоа, очигледно, тоа го зборувам затоа што законот има навистина голема поддршка, и јас ќе бев пресреќна на пример, Законот за учебници кој што го предлагав во  претходниот мандат да има двотретинска поддршка од пратениците затоа што ќе можеше да реши многу практични проблеми. Меѓутоа, јас се прашувам дали ќе имаше толкав број пратеници кои што го поддржуваа тој закон доколку однапред се знаеше дека господинот Зоран Тодоровски е за претседател на Комисијата за лустрација. Доколклу однапред се знаеше дека со овој чекор се открива дека има подготвени листи на лица кои што ќе бидат опфатени со овој закон, или подготвена листа на членови на таа Комисија. Во земји, на пример, како Романија и покрај обидите законот за лустрација воопшто не профункционира. Во Романија имаше прилично големи тензии и дебати околу ваквиот закон а во ниту една држава, тоа сакам да нагласам, овој закон не поминал без  жолчни дебати во Парламентот и во експертската јавност , од тоа дали е време, дали е воопшто потребен, и се разбира дека тука различни структури имале различен интерес. Прашање е дали е вистинското време, дали ќе успееме да се надминеме над сите овие пропратни нусефекти, или, би рекла, со изгласувањето на овој закон затоа што ќе се согласите дека доколку не успееме да најдеме заштитни механизми кои што ги санкционираат ваквите последици, ние ќе направиме уште поголема штета отколку онаа што е направена до сега.

Во Хрватска нема закон за лустрација, во Босна и Херцеговина се уште не е донесен, во Србија е донесен после тешки сериозни дебати, меѓутоа, колку што мене ми е познато, сеуште не профункционирал. Јас се прашувам кој ќе ја има одговорноста за функционирањето на овој закон затоа што го имаме примерот и на Албанија, каде што тој закон е донесен и мислам дека Албанија дури донесе два закона, меѓутоа, ниту еден од нив не е спроведен со успех. Дали и какви ќе бидат ефектите од овој закон. Дали може предлагачот да ми одговори какви ефекти очекува од овој закон. Дали размислувал како да се санкционира злоупотребата, како да се спречи злоупотребата,  како да се спречи селективноста, како да се обезбеди вистинските луѓе кои што се одговорни да бидат санкционирани и како да се заштитиме од понатамошно однесување на структури кои што соработуваат, кои што се соработници во понатамошниот процес и  како да се заштитиме од нивното злоупотребување на информациите што ги протежираат за одредени личности. Јас очекувам од господинот Андов, кој што прилично долго време посветил на овој закон, прилично многу средства потрошил од Буџетот на Парламентот да го изготви, како ниту еден пратеник до сега кој што подготвувал закон немал финансиска и стручна поддршка од Парламентот, и тоа ми дава за право да мислам дека морал да обрне внимание и на овие аспекти, и затоа го повикувам јавно да ми одговори за овие прашања. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник господин Шамбевски Оливер. Повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам почитуван господине потпретседателе.

Би ве замолил во иднина кога вие претседавате со седниците да се обидеме да избегнеме, да им укажете на пратениците да избегнуваат да спомнуваат имиња на луѓе кои што не се присутни во салава.  Ова особено сакам да го истакнам бидејќи беа изнесени одредени инсинуации за одредени луѓе, конкретно во случајов господинот Зоран Тодоровски, а особено за неговиот татко.

Веќе гледаме деновиве дека  тоа што беше пуштено како информација беше демантирано. Бидејќи самите себе си не можат да се одбранат овде во оваа сала, би било коректно да не ги спомнуваме. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ја прифаќам во првиот дел вашата забелешка. Јас  многу пати сум рекол да не се спомнуваат имиња на личности кои не се присутни во салата.

Кој бара процедурално?

Три минути процедурално пратеник госпоѓица Грковска Славица.

Повелете, да видиме во што е процедурата.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, вие сте втор мандат пратеник веќе во ова Собрание и знаете дека во Парламентот се дискутира за носителите на јавните функции. Ниту еден носител на јавна функција не е заштитен за јавна дебата исто како што не се ни пратениците. И за пратениците кои што внимателно ме слушале, јас истакнав дека господинот Груевски го промовираше на неколку пати господинот Зоран Тодоровски како претседател на Законот на Комисијата за лустрација и тоа ми дава за право да го спомнам, особено, уште повеќе што во медиумите излезе таа информација која што ја кажав за таткото, и јас се извинувам што не сум го видела демантот, меѓутоа и тоа ми дава за право да го коментирам. Носителите на јавни функции се јавни личности и не гледам причина зошто во Собранието би ги заштитувале исто како што ни пратениците не се заштитени никаде. Затоа ве молам, еднаш за секогаш да расчистиме за тоа дека не се споменуваат имиња на личности кои што не се присутни во Собранието. Во тој случај, ние ќе се доведеме во ситуација некогаш воопшто и да не можеме да дискутираме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Господине Ивановски, вие бевте исто така за процедурална забелешка?

Повелете, вашите три минути.

**Игор Ивановски:** Многу накусо претседателе.

Јас го сфаќам обидот на нашите колеги од парламентарното мнозинство под флоскулата процедурално или инструментот деловнички процедурално да се обидуваат да дадат реплики. Мислам дека е покоректно да ги прекинувате и ако сакаат да реплицираат, тоа да го направат или од говорницата или од нивното место, но под инструментот реплика.  На крајот да не бидеме контрадикторни на самата идеа на овој закон, ако самиот закон предвидува да се обелоденат пред јавноста голем број на информации на голем број на луѓе, тогаш не е коректно тука во салата да се прекинуваат. Инструментот процедурално да се спречуваат пратениците да ги искажуваат своите информации веќе кажани во јавноста.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Прекинуваме со процедурални забелешки, продолжуваме со реплики по однос на говорот на пратеник госпоѓица Грковска Славица, три минути има реплика пратеник господин Трајанов Павле.

Повелете.

**Павле Трајанов:**  Почитуван потпретседателе, пратеникот Славица Грковска мислам дека отвори едно мошне важно прашање кое што е изоставено од овој закон за дополнителен услов за вршење на политичка дејност. Тоа е дали и за овој закон или преку овој закон ќе се провлечат голем број на соработници кои што својата кариера ја граделе врз основа на доставување на лажни информации до тајните служби. Тоа е една огромна категорија, зборуваме за новинари, писатели, уметници, бизнисмени, носители на јавни функции или луѓе од политичкиот естаблишмент.

Во овој закон оваа категорија не се опфатени, туку само оние кои што евентуално се на функција, се вработени во јавниот сектор, во државната администрација или што ќе конкурираат да извршуваат некоја функција или јавна дејност. Така да мислам дека тоа е многу добро, доколку сите оние категории кои што учествувале во дискредитацијата, дисквалификацијата во, да не кажам, во ликвидацијата на некои од граѓаните од лични или идеолошки мотиви, мислам дека тие треба во овој закон да бидат опфатени, и ако не друго, ако не сносат други последици, тогаш барем тоа треба да бидат тие јавно објавени.

Инаку, сигурен сум дека законот треба да претрпи преработка, тоа го зборував и во мојата дискусија, за да се заштитат пред се правата на граѓаните, за да не настрадаат невини.

Второ, треба да се заштити националната безбедност и што е најбитно, трето, да бидат опфатени три категории: соработници, шефови на тајни служби и корисници на информација или носители на високи државни функции во изминатите 50-тина години. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор овластен предлагач господинот Андов Стојан. Повелете.

**Стојан Андов:** Јас само сакам да кажам дека ова е парламентарен проект на пратеници. Јас го изготвив, ми се придружија уште 88 пратеници и дека заедно сите мораме да вложиме напори за да ја постигне законот целта и затоа не треба да се стравува од некоја предумисла дека со овој закон некој намерава некого да ликвидира, на некого да му нанесе штета и т.н. Не е тоа наша цел. Наша цел е да се отворат простори на развој на демократскиот процес кај  нас и заради тоа мислам и се придружија толкав број на пратеници. Што се однесува до тоа кој ќе биде претседател, ќе се одлучува овде, во Парламентот во постапка која ќе ја утврдиме со закон. Дали има листи? Јас ви тврдам дека јас не знам кој ќе биде претседател, не знам ни кои ќе бидат членови на Комисијата, не знам ни за некакви други листи, ништо од тоа, ниту ме интересирало ниту верувам оти постојат такви работи. Бидете сигурни дека ако се концентрираме на работа на законот, ќе направиме добар закон и ќе биде законот корисен. Тоа што се да се дополни, се ќе собереме што овде се кажува, ќе ги прибереме сите тие идеи и ќе видиме кои се на линија за негово подобрување и ќе ги вградиме во законот, а овде, се разбира, ќе се разгледува пак на седница на Собранието во втората фаза. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика на говорот на  овластениот предлагач има пратеник госпоѓица Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Господине Андов, јас би сакала да ви верувам кога вие говорите дека нема никаква предумисла кога го предлагате овој закон. Би сакала да верувам и дека еден добар дел од пратениците од парламентарното мнозинство кои даваат поддршка на овој закон немаат никаква предумисла. Меѓутоа, вие како предлагач, мора да обезбедите заштитни механизми кои што ќе оневозможат злоупотреба на овој закон. И јас, колку и да сакам да ви верувам дека не сте размислувале за претседател на Комисијата, ако премиерот Груевски кој што е ваш коалиционен партнер и го има главниот збор во Владата излезе и во неколку наврати каже дека господинот Зоран Тодоровски ќе биде претседател на Комисијата за лустрација, тогаш нормално дека кај мене ќе се побуди сомнеж дека веќе однапред се знае составот на Комисијата и дека веќе однапред има подготвени списоци на личности кои ќе бидат опфатени со овој закон. И тој впечаток не можете да ми го изгубите вие како предлагач, затоа што лично вие не сте придонеле за него. Меѓутоа, јас би ве замолила во тој случај да разговарате со вашите коалициони партнери, со нивните претседатели, и тоа не мислам на моите колеги пратеници, дека ваквите изјави и ваквото однесување не придонесува законот за лустрација да се гледа во она светло во кое што вие би сакале да го прикажете. Туку напротив, побудуваат сомнеж дека овој закон се предлага со предумисла заради етикетирање на одредени личности особено , имајќи ги во предвид престоечките избори во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Андов Стојан.

Повелете.

**Стојан Андов:** Само ве молам уште еднаш да појаснам.

Ова е парламентарен проект. Не е владин проект па да ми биде во овој момент важно дали премиерот или некој од Владата нешто изјавил во врска со проектот. Како ќе го направиме ние овде во Собранието, така ќе биде. Тоа основно да си го знаеме. Гаранциите ќе бидат вградени во законот, со изјави само не можеме да направиме ништо, туку мораме да ги вградиме во законот. И на тоа останувам.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Ивановски Игор. Повелете.

**Игор Ивановски:** И јас имам реплика на предлагачот. Веројатно последна.

Значи, во овој момент само како реплика на онаа интервенција на предлагачот на законот, сакам да кажам две работи.

Прво, не е точно дека ова, во овој момент е парламентарен проект. Она што денеска го дискутираме и што денес го гледаме е проект на еден пратеник, со име и презиме Стојан Андов, и тројца или четворица, извинете ако грешам, надвор од ова Собранието, се извинувам, еден вработен во собраниската администрација, за кој што за прв пат добија финансиска надокнада од страна на претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски. Значи, кога ќе се завршат сите фази и кога ќе се усвои законот од овој тип, па нема да биде и тогаш парламентарен проект, како што велите господине Андов, тука мислам дека не сте коректен, бидејќи ваков проект може да се донесе, и ваков проект може да биде успешен само ако е проект на целата држава, бидејќи Парламентот е само една институција инволвирана во овој процес, секако, доколку се донесе. Оттаму, дозволете, ако граѓаните ја имаат скептичноста према вас и вашата партија генерално, да и ние ги делиме нашите дилеми, и да ако прв пат од кога е започната де факто јавната расправа која што претежно се одвиваше во медиумите, овој ден најмногу во Парламентот, да и ние ги спомeнеме нашите дилеми дека голем хендикеп на самиот почеток, а за тоа ќе разговараме можеби понатаму, е што за овој концепт и овој предлог се произнесува и Владата, се произнесува и премиерот, се предлагаат имиња на претседатели на Комисија, едноставно, се ставаат веднаш на самиот почеток големи дубиози. Вие до денеска, до пред 10 минути тоа не го демантиравте. И затоа се бледи овие ваши денешни, во овој момент, релативизирања на ваквата ситуација која што очекував дека ќе ги направите многу на почетокот за да сметаме дека сте коректен и искрен.

Нормално ние во оваа расправа по оваа фаза ќе ги дадеме нашите забелешки и конструктивни предлози, кои што навистина за да бидат прифатени или за да бидат сериозно разгледани очекував дека во вашата работна група која што доби средства од парите на граѓаните ќе ги поканите на пример и пратениците од сите пратенички групи. Тоа во првата фаза не беше направено, навистина ме зачудува од каде тие луѓе што работеа на овој текст на законот се експерти од оваа проблематика. Вие па најмалку. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за господинот пратеник Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Што се однесува до тоа дали е парламентарен проект се разбира тој никнува во парламентот, го предлага пратеник и му се придружуваат уште 88 пратеници. Тоа е во смисла на овластени предлагачи. Тоа е по Уставот парламентарен проект, а дека ќе биде проект за државата кога ќе го донесеме законот ќе биде, бидејќи се разбира и Владата ќе даде мислење како што е предвидено, исто така во Деловникот на Собранието. Тие работи така одат, а сега е парламентарен проект. Во првата фаза така го изготвив, во втората фаза ќе го носиме на друг начин се разбира. Сега секој може, но можеме да обезбедиме соработка со сите.

**Иван Анастасов:** Благодарам.

Продолжуваме со реплики по однос на говорот на пратеникот Грковска.

Има збор за реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувана колешке лично сум убедена дека за забрзување на демократските процеси во земјата неопходно е потребно сите луѓе кои што активно учествуваат во креирањето на јавното мислење на граѓаните во земјата, вклучувајќи ги и новинарите дека треба да бидат предмет на третирање на овој закон. Овој закон не смее да ги одмине новинарите, не смее да ги одмине судиите, не смее да го одмине никој кој што учествувал во создавање лажна слика кои што учествувале во правење политички линчеви, во уништување на авторитетот, семејствата на многу личности само со една едиснтвена цел, бидејќи биле инструирани од поранешната УДБА, или од КОС или било која друга служба со која ќе го замолчат приливот на плуралистички идеи, или да го замолчат оној кој што размислувал поинаку отколку тогашното владеачко мнозинство односно партијата која што била на власт.

Значи, ако сакаме вистински демократски развој на Република Македонија токму и новинарите треба да бидат предмет на овој закон, бидејќи тие го креираат јавното мислење. И ден денес, тие учествуваат во целокупните процеси на партизација на земјата, или пак некој од нив го кочат процесот на демократизација на земјата. Затоа не можеме да имаме механизми за заштита на новинарите од овој закон. Секој оној кој што му служел на претходниот режим и кој што земал пари да уништува други животи без оглед дали со давање на лажни изјави во јавноста, или пак на било кој друг начин треба да се најде на удар на овој закон.Единствено тоа е патот за вистинска демократизација на Република Македонија.

Уште еднаш ќе повикам да се воздржите и вие, а и сите други колеги кога разговараме за овој закон од политички линчеви за луѓе, бидејќи се уште не е стапен на сила законот, а веќе се обидуваме да оцрнуваме одредени личности пред целата македонска јавност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица.

**Славица Гркковска:** Јас токму од тие причини го повикав господинот Андов да објасни за кого се однесува. Она што го пишува во Законот дека се однесува за кандидати за носители, или носители на јавна функција на државно и локално ниво, во јавна дејност и служба. Значи, не и за новинари. Друго е ако вие имате сугестија за новинари, па да му ја исполните желбата на господинот Груевски кој што стави два медиуми, а на неговата црна листа, само заради тоа што креирале јавно мислење, кое што не му е по мера. Мислам дека овој закон треба од такви ситуации да не заштити. Како да се заштитиме од злоупотреба од страна на поединци кои сметаат дека одредени луѓе кои што претендираат на јавна функција не им се по мерка. А ако ми упатувате мене таква забелешка за некакво етикетирање, тогаш јас ве молам како координатор на пратеничката група да му го кажете тоа на претседателот на вашата партија господинот Груевски, затоа што тој беше првиот што излезе со таква изјава.

**Иван Анастасовски:** Следен за збор е пратеникот Лилјана Поповска.

Јас би сакал само да ве прашам, дали е доволно времето.

**Лилјана Поповска:** Доволно.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас дадов и писмена поддршка за овој закон од мое лично име и од името на ДОМ, така што сакам и сега да ја повторам поддршката.

Сметам дека овој закон е многу потребен, многу пожелен.Може само да жалам што не е донесен многу порано, можеби пред 15-тина години, а во некои времиња кога го донесуваат други земји кои што излегоа од социјалистичкиот кампус. Веројатно, да беше донесен порано како земја ќе бевме во многу подобра ситуација на многу планови. Веројатно, немаше да дозволиме да се инфилтрираат во системот луѓе кои што размислувале на еден тоталитарен начин, кои што од идеолошки позиции ги оценувале и луѓето и делата, истите настани и постапки околу себе, така што на многу деструктивно делуваа во нашиот развој и од кон самостојно демократска држава. Значи, тоа е пропуштено. Штета што е пропуштено, веројатно многу поинаку ќе се развиваше Македонија да го имала сторено ова на време, но, секако е добро да се донесе, макар и сега, затоа што тоа е една обврска за конечно, да речам расчистување на некои состојби со минатото, со оној дел од минатото каде што немаме убави спомени.

Инаку, јас не сум приврзаник на оценката дека се што било порано се било лошо, или се што е во овој или оној период е сосема добро, или сосема лошо. Сите можеме од различни аспекти да ги гледаме работите и разни сегменти од животот во еден период да го оценуваме како позитивно или како негативно и притоа, меѓусебе се разбира да се разликуваме во тие оценки.

Но, во поранешниот систем како еднопартиски систем без вообичаени демократски процеси и без плурализам, нормално дека постоеле совршени услови за злоупотреби на одредени носители на високи функции. Или не само на високи, едноставно, на луѓе кои биле на одредени позиции каде што можеле да одлучуваат или да дејствуваат за животот на другите луѓе. Така што, сите веројатно, или повеќето сме ги читале и Хундер и Киш и знаеме дека за жал, не сме ние единствена земја каде што се случува револуцијата да ги изеде своите деца, или да има неубави последици од промени кои што на почетокот значеле битка за повеќе слобода, за

повеќе правда, за повеќе еднаквост меѓу луѓето и сите сме сведоци дека овде една борба со многу идеали, по некогаш има скршнување од одредени сегменти кога веќе дел од идеалите ќе се постигнат, имало злоупотреби. Во еднопартиски систем тоа е особено лесно и можно и затоа, во сите земји од социјалистичкиот кампус се случуваа одредени неправди.

Она што би сакала да го видам со овој закон да се постигне, тоа е да се направи една црта, едно последно разгледување и вреднување на некои настани или личности од тој период за тие изминати 50-60 години, меѓутоа, посебно сакам да предупредам на нешто. Овој закон, почитувани колеги, дајте да го сфатиме како закон со кој што ќе се обединиме повеќе, ќе се зближиме повеќе. Да не дозволиме овој закон да биде основа за нови поделби по било каква линија. А да биде тоа така, многу ќе биде важна и содржината на законот како секој збор во него, меѓутоа, можеби уште повеќе ќе биде важен начинот како ќе се применува овој закон. Многу е важно да се одберат прави луѓе за примена на овој закон, чесни, доследни, воздржани, мудри луѓе. Затоа што не е целта верувам, на овој закон ние во јавноста да добиеме листи со имиња и тие да бидат ставени на барабан за сечиј потсмев и за срам на некое трето, четврто колено, генерација која што ќе треба да се чувствува непријатно, заради некои свои дедо или прадедо. Не би било убаво. Тоа би било тотално пропашување и контрапродуктивно доколку така некој го сфати или така некој го применува законот.

Затоа, веројатно ќе биде многу важно кога ќе стапува некој на функција тогаш да се проверува дали тој учествувал во нешто што не е дозволено. Тоа е суштината, колку што јас го разбирам законот и затоа е многу важно да се сфати тоа. Затоа законот да се прими со навистина отворено срце, со чиста мисла и така и да се спроведува.

Значи, уште еднаш давам силна поддршка од мое лично име и од име на колегите на ДОМ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи сме на крајот на работното време, а интересот на дискутантите се зголемува, тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со второто продолжение од 26-та седница, во однос на 10-тата точка од дневниот ред.

(Седницата прекина во 18,00 часот)